# ВЛИЈАНИЕ НА СТЕРЕОТИПИТЕ И ЕТНИЧКАТА ДИСТАНЦА ЗА ПОЈАВА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

OSCE
Organization for Security and Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

# ИСТРАЖУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ

## ВЛИЈАНИЕ НА СТЕРЕОТИПИТЕ И ЕТНИЧКАТА ДИСТАНЦА ЗА ПОЈАВА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

*Публикација*:
Истражувачки извештај – Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза

*Уредник*:
д-р Жанета Попоска

*Автори*:
д-р Страшко Стојановски

д-р Жанета Попоска

*Главен истражувач:*
д-р Страшко Стојановски

*Истражувачки тим од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип:*
проф. д-р Страшко Стојановски, Елена Трајковска, Кире Иванов, Никола Лазаревски, Александар Симонов, Марина Карова, Антонио Стоилов и Андреј Митевски

*Истражувачки тим од Државниот универзитет од Тетово:*
доц. д-р Агим Нухиу, Елмира Амзи, Егзона Османи, Мерал Амети, Гент Беќири, Дритон Ислами и Аќиф Беадини

*Истражувачки тим од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје:*
доц. д-р Лазар Јовевски, Ивона Петрушевска, Наталија Илиевска, Влатко Токарев, Вафире Мухареми, Стефани Неделкова и Елена Кузмановска

*Лектура*:
Елена Георгиевска

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

316.647.82:343.63:]323.1(497.7)(047)

СТОЈАНОВСКИ, Страшко
Истражувачи извештај : влијанието на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза / [автори Страшко Стојановски, Жанета Поповска]. - Скопје : ОБСЕ, 2016. - 65, 64 стр. : граф. прикази ; 21 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Raporti hulumtues : ndikimi i stereotipeve dhe distancës etnike për shfaqjen e diskriminimit, gjuhës së urrejtjes dhe krimit nga urrejtja / Strashko Stojanovski, Zhaneta Poposka. - Обата текста печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и алб. јазик. - Библиографија: стр. 65 ; 64. - Содржи и: Прилог = Shtojca

ISBN 978-608-4788-10-2
1. Поповска, Жанета [автор]. - I. Stojanovski, Strashko види Стојановски, Страшко
а) Дискриминација - Говор на омраза - Етнички аспекти - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 102275594

Поддржано од:

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисија на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ.

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** ..... **4**

**ВОВЕД** ..... **5**

**КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ** ..... **6**

**I. ЗА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРИМЕРОК** ..... **8**

1.1. Пол, возраст и место на живеење ..... 8

1.2. Етничка и религиска припадност ..... 8

1.3. Образование, социјален статус и занимање ..... 9

**II. НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ЕТНИЧКАТА ДИСТАНЦА** ..... **10**

2.1. Познавање на јазик ..... 10

2.2. Религиозност ..... 10

2.3. Број на членови во семејството ..... 12

2.4. Потреба од изучување на друг јазик ..... 12

2.5. Тип на населба и етничка интеракција во рамките на соседството ..... 13

2.6. Етничката, религиската припадност и интеретничките бракови ..... 16

2.7. Влијание на стереотипите врз етничката дистанца на национално ниво ..... 17

2.8. Етничка дистанца ..... 20

2.9. Степен на приврзаност кон групна припадност - Ликертова скала ..... 25

**III. НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА** ..... **30**

3.1. Дискриминација ..... 30

3.1.1. Перцепција за дискриминација ..... 30

3.1.2. Борба против дискриминација ..... 35

3.2. Говор на омраза ..... 36

3.2.1 Перцепција за говорот на омраза ..... 36

3.2.2. Искуства со говорот на омраза ..... 41

3.3. Криминал од омраза ..... 42

3.3.1. Перцепција за криминалот од омраза ..... 42

3.3.2. Искуства со криминалот од омраза ..... 46

**IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ..... **48**

ПРИЛОГ 1 – Методологија ..... 52

ПРИЛОГ 2 –Анкетен прашалник ..... 53

ПРИЛОГ 3 – Примерок ..... 64

БИБЛИОГРАФИЈА ..... 65

# ПРЕДГОВОР

Бројот на истражувањата на меѓуетничката интеракција во земјата ни открива дека интересот на научната јавност за овој тип на проблематика не кореспондира со комплексноста на етничката структура на општеството, како и со секојдневните проблеми кои произлегуваат од таквата структура и од механизмите на нејзиното политичко менаџирање. Масмедиумите, речиси, секојдневно објавуваат информации за изрази на недоверба, непријателство, напнати состојби, конфликти со етнички предзнак, но ова како да не е предизвик за посеопфатни истражувања за фундаментите на таквите манифестации на отпор или непријателство кон другиот.

Сепак, би можеле да се спомнат неколку истражувања на етничките феномени во државата реализирани од психолози и социолози од Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Едно од овие истражувања [1], започнато со реализација во 1995 година од членовите на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет имаше за цел да изгради методолошка рамка за континуирано следење на етничките феномени во државата. Зацртана цел беше истражувањето според подготвената методологија да се повторува во временски интервал од пет години. За жал, членовите на Институтот отстапија од оваа цел, но затоа за подготвената методологија покажаа интерес нивни дипломирани студенти на постдипломските и докторските студии. Така, Фросина Ташевска-Ременски во 2003 година спроведува истражување на студентската популација, со тематика за која нагледно говори насловот на книгата во која се презентирани евидентираните состојби - "Албанците и Македонците*:* етничката интеракција во земјата*,* пред и по конфликтот во 2001 година"(Скопје, 2005). Во 2015 година, според блиската методологија, на млада популација (од 16 до 24 години) спроведено е истражување од истражувачки тим од правните факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Државниот универзитет во Тетово и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, чии резултати се презентирани во оваа студија.

Блискоста на методолошкиот инструментариум користен во трите споменати истражувања дава можност за следење на состојбите во доменот на етничката интеракција во државата. Споредбената анализа ни открива дека во периодот од последните дваесет години работите на етнички план многу малку се менувале. Сепак, можат да се забележат одредени поместувања. Така: во однос на непрекинато дискутираното јазично прашање продолжува традицијата на диглосија (мнозинската заедница во најголем процент го говори само својот јазик, а другите заедници во најголем процент го говорат својот и мнозинскиот јазик) и покрај сите настојувања за воведување на билингвалност (или мултилингвалност), но, сепак, кај младата популација може да се констатира раст на свеста за потребата од изучување на јазиците на другите; во однос на религиозноста, повисока е религиозната приврзаност на припадниците на албанската заедница (и воопшто муслиманските заедници), што може (иако не мора) да упатува на спрега меѓу религијата и етницитетот, односно на опстојување на таканаречената „етничка религиозност“; воспоставените семејни традиции ( број на членови во семејството) продолжуваат, но со тенденција на намалување на бројот на членовите кај сите заедници; меѓуетничката интеракција и понатаму е мала, меѓу другото и поради веќе воспоставената просторна сегрегација, но добиените одговори во контекст на истражувањето не откриваат поизразени намери за понатамошна сегрегација со етнички предзнак итн.

Забележително поместување може да се констатира во однос на предрасудите. Во оваа студија се презентирани резултатите од трите споменати истражувања, од кои може да се согледа опстојувањето на негативниот стереотип меѓу припадниците на македонската и албанската заедница со нагласка на натпреварувачкиот карактер на предрасудите, како и истовремени промени во автостереотипот кои откриваат раст на самодовербата кај двете. Турската заедница и понатаму е најомилена, барем според типот на предрасудите во однос на неа, додека особините кои и се припишуваат на ромската заедница и понатаму ни откриваат опстојување на предрасуди од патерналистички тип.

Овде, како главен истражувач на проектот од 1995 година, ја искажувам својата надеж дека ова истражување ќе го добие своето повторување после пет години и со тоа ќе одговори на потребата општествените појави од динамичен карактер, каква што е етничката интеракција, да бидат истражувани во согласност со нивната менлива природа.

**Скопје, 19. 8. 2016 година** **Марија Ташева**



1 Види: Ташева, Марија (1997)„Социолошки аспекти на етничкиот соживот“. Скопје: Филозофски факултет-Скопје.

# ВОВЕД

Во оваа Публикација се претставени резултати од истражувањето спроведено во рамките на Проектот „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“. Истражувањето е реализирано како дел од заедничките активности на правните факултети при универзитетите „Гоце Делчев“ од Штип, „Јустинијан Први“ од Скопје, како и Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово, а поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Анкетното истражување беше спроведено во текот на 2015 година, на претходно подготвена методолошка рамка во што учествуваат дел од студентите и професорскиот кадар при Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истражувањето го спроведоа тимови од професори и студенти на трите споменати правни факултети. Обработката на податоците и анализата на истите во текот на 2015 и 2016 година, беше извршена во рамките на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. При спроведеното истражување се опфатени неколку целини кои се однесуваат на различни општествени фактори (пол, возраст, етничка и религиска припадност, социјален статус, образование и слично) врз перцепциите на испитаниците и градењето на етничка интеракција, коегзистенција или, пак, спротивно на ова, етничка дистанца. Понатаму, се опфатени различни аспекти на анализа на постојните стереотипи и нивното влијание за воспоставување на етничка дистанца, а во овој сегмент, исто така, се користени Богардусовата и Ликертовата скала. Во последниот дел на трудот се презентирани резултати поврзани со прашањата за дискриминација, говорот на омраза и криминалот од омраза, кои се засноваа на Методологијата за изработка на Барометарот на еднакви можности адаптиран  во согласност со потребите на целната група на испитаници.

Покрај презентираните резултати од ова истражување, во рамките на оваа Публикација во првиот дел, преку компарација со резултатите на две истражувања во кои се користи иста или слична методолошка рамка, ќе се направи обид да се произведат проекции генерирани од лонгитудиналната димензија на методолошкиот пристап. Имено, се работи за компарација со резултатите од претходно наведеното истражување  спроведено од проф. д-р Марија Ташева[2], од Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје спроведено во 1995 година, а објавено во трудот на проф. д-р Марија Ташева kој се однесува на етничките групи во земјата[3].  Второто емпириско истражување кое се однесува на јакненењето на меѓуетничката комуникација и интеграција во земјата[4] е спроведено од Фросина Ташевска во 2003 година, како дел од поширокото истражување кое е спроведено за магистерскиот труд „Албанците и Македонците: етничката интеракција во земјата, пред и по конфликтот во 2001 година“, одбранета во 2004 година на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Ташева[5].

Дополнително во вториот дел, резултатите од истражувањето се компарираат со два истражувачки извештаја засновани на Еуростат методологијата. Имено, се работи за компарација со резултатите од истражувањето „Барометар за еднакви можности“[6] спроведено во 2009 година од проф. д-р Виолета Петроска-Бешка и проф. д-р Мирјана Најчевска, од Центарот за човекови права и разрешување конфликти од Скопје објавен од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Второто истражување со идентичен наслов „Барометар за еднакви можности“[7] спроведено во 2013 година од Миша Поповиќ и Јасмина Михаиловска, е објавен од страна на МЦМС во 2013 година во Скопје.

Предмет на истражувањето се истите шест основи на дискриминација кои се истражувани и во европскиот контекст, а кои се дефинирани со антидискриминациските и родовите директиви на Европската Унија (Директивата 2000/78/ЕС, Директивата 2000/43/ЕС, Директивата 2004/113/ЕС и Директивата 2006/54/ЕС), односно дискриминација врз основа на пол, на етничка припадност, на



2 Види: Ташева, Марија (1997)„Социолошки аспекти на етничкиот соживот“. Скопје: Филозофски факултет-Скопје.

3 Види: Ташева, Марија (1997). „Етничките групи во земјата (современи состојби)“. Скопје: Филозофски факултет-Скопје.

4 Види: Ташевска, Фросина (2003) „Јакнењето на меѓуетничката комуникација и интеграција во Република Македонија во постконфликтниот период“. Скопје:Филозофски факултет-Скопје.

5 Види: Ременски, Фросина (2004) "Албанците и Македонците: Етничката интеракција во Република Македонија, пред и после конфликтот од 2001 година". Скопје: Институт за социологија, Филозофски факултет-Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

6 Види: Петроска Бешка, Виолета и Најчевска, Мирјана (2009) Истражувачки извештај: Барометар за еднакви можности. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка

7 Види: Поповиќ, Миша и Михаиловска, Јасмина (2013) Барометар за еднакви можности. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка

религија или уверување, на возраст, на попреченост и на сексуална ориентација. Поради актуелниот контекст, во сите три национални истражувања е додадена и дискриминацијата врз основа на политичката припадност, со цел анализа на перцепцијата за нејзиното присуство во национален контекст. При анализирање на наодите често се прави споредба меѓу различни подгрупи на испитаници, дефинирани според следните социодемографски карактеристики и тоа: пол, возраст, место на живеење – урбана и рурална средина, етничка припадност – посебно на Македонци и Албанци (како единствени етнички групи застапени во примерокот во доволен број кој овозможува смислени споредби); и религиска припадност – христијани-православни и муслимани (како единствени религиски групи застапени во примерокот во доволен број кој овозможува смислени споредби).

## КОРИСТЕНИ ТЕРМИНИ И ДЕФИНИЦИИ

Во Извештајот се користат следниве термини и дефиниции:

**НАЦИОНАЛИЗАМ**, како поим има мошне комплексно и широко значење. Под овој поим може да се подразбере израз на националниот карактер, потоа може да се сфати како идиом со кој се изразува нацијата, истакнување на аспирации за соединување на нацијата како доктрина за божествен избор на нацијата, или како целиот процес на формирање на нацијата. Во денешно време национализмот добива негативна конотација идентификувајќи се со шовинизмот.

**МАЛЦИНСТВОТО** е група на луѓе која е бројно помала во споредба со другото население на државата што е во недоминантна положба, а чии членови - државјани на таа држава имаат етнички, јазични или верски карактеристики поинакви од оние на другото население и искажуваат, макар имплицитно, чувство за солидарност насочено кон сочувување на својата култура, традиција, религија или јазик.

**ЕТНИЧКА ГРУПА** е група на лица што делат една заедничка дистинктивна култура, како општествена група таа дели заедничка идеологија, институции и обичаи и чувство за хомогеност. Во рамките на етничката група има една заедничка културна традиција и чувство за идентитет, и таа постои како подгрупа во рамките на едно пошироко општество. Етнички идентитет или етницитет е основна инстанца на колективната идентификација која се базира на перцепираните културни разлики. Етницитетот е неминовно поврзан со културата и претставува производ на социјалната интеракција, при што е и колективен и индивидуален, во социјалната интеракција и во самоидентификацијата.

**ЕТНИЧКА ИНТЕРАКЦИЈА** како поим го означува реципрочното влијание меѓу поединците, припадници на етничките заедници, или етничките заедници во целина; или, претставува синоним за општествен однос сфатен како меѓудејство на поединците кои свесно и непосредно влијаат едни на други. Во процесот на интеракција се разликуваат неколку типови односи: соработка, конфликт, натпревар, приспособување, акултурација, асимилација, маргинализација, репресија и слично.

Етничка дистанца е колективното чувство на блискост, односно оддалеченост во однос на другите групи, а базирано врз основа на одредени објективни критериуми кои во случајов произлегуваат од чувството за припадност кон одредена етничка заедница. Етничката дистанца е производ на стереотипите и перцепциите кои се субјективизираат и оттука многу често нудат искривена слика за *Другоста*.

**ЕТНИЧКИ КОНФЛИКТИ** претставуваат судир помеѓу две или повеќе етнички различни групи, при што во судирот доаѓаат до израз токму етничките и културните разлики. Речиси секогаш во етничките конфликти учествуваат малцински групи кои населуваат одредена територија во која претставуваат мнозинство и ја чувствуваат за традиционално или историски своја.

**СТЕРЕОТИПИТЕ ИЛИ ПРЕДРАСУДИТЕ** се формираат на тој начин што на луѓето им се припишуваат одредени особини и карактеристики единствено врз основа на нивната припадност на некоја определена група. Всушност, стереотипите се формираат врз основа на полот, возраста, етничките разлики, расата и слично. Оттука, за стереотипите се вели дека се многу цврсти ставови, најчесто воспоставени без реална основа. Стереотипите и предрасудите во голема мера ја отежнуваат комуникацијата меѓу луѓето, поради што е потребно нивно надминување. Стереотипите можат да бидат конструирани во однос на сопствената група – автостереотипи и во однос на другите групи, како хетеростереотипи.

**ДИСКРИМИНАЦИЈАТА** подразбира секое разликување, исклучување, ограничување или нееднакво постапување или непостапување, мотивирано од одредени минати, сегашни или идни основи, а кое има за цел или резултира со оневозможување или отежнување на признавањето, уживањето или практикувањето на сите права и слободи од страна на сите лица врз еднаква основа, односно ставање во понеповолен третман на едно лице во однос на друго лице во слична ситуација.

**ТОЛЕРАНЦИЈАТА** е способност да се прифатат и да се почитуваат уверувањата и општествените вредности на други лица или групи луѓе.

Говорот на омраза ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи и: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло.

**КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА** подразбира криминал мотивиран од нетолеранција кон одредени групи во општеството и го сочинуваат два елемента: прво, делото мора да биде квалификувано како кривично дело во Кривичниот законик, и второ, мотивот за извршување на кривичното дело мора да е заснован на одредена предрасуда, односно сторителот ја избира целта на казнивото дело врз основа на заштитените карактеристики.

# I. ЗА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРИМЕРОК

## 1.1. Пол, возраст и место на живеење

Во рамките на истражувањето „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“ опфатени се 519 испитаници. 41 % од испитаниците се од машки пол, додека 59% се од женски пол. Според застапеноста на возрасните категории, 243 испитаници или 46,8 % се на возраст од 16 до 18 години, 255 испитаници или 49,1 % се на возраст од 19 до 21 година, додека, пак, 17 испитаници или 3,3 % се на возраст од 22 до 24 години. 38,7 % од испитаниците живеат на село, додека 59 % живеат во град.

## 1.2. Етничка и религиска припадност

Според етничката припадност, најголем дел од испитаниците се од македонската и албанската етничка заедница. Така, 342 испитаника или 65,9 % се Македонци, а 156 испитаници или 30,1% се Албанци. Другите етнички заедници се опфатени со помал процент, или вкупно сочинуваат околу 4 % од вкупниот број на испитаници (графикон бр. 1).

Според религиската припадност на испитаниците, 323 испитаници, или 62,2 % се изјасниле дека се од христијанска православна вероисповед, 172 испитаника, или 33,1 % се од исламска вероисповед, додека вкупно околу 4 % од испитаниците се изјасниле дека се од католичка или протестантска вероисповед, атеисти или, пак, се определиле за опцијата „Друго“ (графикон бр. 2).

*Графикон број 1*




*Графикон број 2*



## 1.3. Образование, социјален статус и занимање

209 испитаници, или 40,3 % се средношколци, од кои 83 се од средни училишта во Скопје, 56 испитаници се од средни училишта во Тетово и Гостивар, а 71 испитаник се од средни училишта во Струмица, Штип и Виница. Додека, пак, 307 испитаници, или 59,2 % се студенти, од кои 117 се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, 64 испитаници се студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а 125 испитаници се студенти на Државниот универзитет во Тетово.

Социјалниот статус на испитаниците е определен врз основа на месечните приходи во рамките на семејството. Така 7,3 % од испитаниците се изјасниле дека месечниот приход во нивното семејство е помалку од 8.000 денари, што е еквивалент на низок социјален статус, 17,3 % од испитаниците се со месечни примања во рамките на семејството од 8. 000 до 15.000 денари, што одговара на средно-низок социјален статус, 33,7% од испитаниците се со месечни примања во рамките на семејството меѓу 15.000 и 30.000 денари, што е еквивалент на среден социјален статус, 22,2 % се со месечни примања во семејството од 30.000 до 60.000 денари, што претставува средно-висок социјален статус и на крајот 9,6 % од испитаниците се од висок социјален статус, или имаат месечни примања повеќе од 60.000 денари (графикон бр. 3). Исто така, може да се забележи диверзитет во одговорите кога се работи за занимањето на еден од родителите (графикон бр. 4). Така, според занимањето и професионалната ориентација на родителите најчесто се застапени професиите: работници во приватниот сектор и земјоделството, работници во општествениот сектор и А.Д., приватни занаетчии и трговци, службеници, приватници (сопственици на поголеми претпријатија) и друго.

*Графикон број **3***




*Графикон број 4*



## II. НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ЕТНИЧКАТА ДИСТАНЦА

### 2.1. Познавање на јазик

На прашањето кое се однесува на познавање на јазици кои се зборуваат во државата, а тоа не се однесува на мајчиниот јазик, испитаниците Албанци во голем процент го познаваат македонскиот јазик, или 84% знаат да читаат и пишуваат македонски, 2,6%, односно 5,8 % се определиле дека знаат да читаат или разговорно да се служат, додека, пак, само 1,3 % од испитаниците Албанци тврдат дека воопшто не го познаваат македонскиот јазик. Што се однесува до испитаниците Македонци, 4,7 % тврдат дека знаат да читаат и пишуваат на албански, 1,5 % тврдат дека знаат разговорно да се служат со албанскиот јазик, додека 93,8 % тврдат дека воопшто не знаат албански јазик. Што се однесува до турскиот јазик, 35,8 % од испитаниците Албанци, целосно или делумно го познаваат истиот, додека кај испитаниците Македонци, процентот на оние кои тврдат дека го познаваат турскиот јазик е незначителен. Ниту Македонците, ниту Албанците не го знаат ромскиот јазик, или тоа се 5,6% од Македонците кои делумно или разговорно знаат да се служат со ромскиот јазик, како и 5,9 % од испитаниците Албаници кои одговориле потврдно, дека делумно или разговорно се служат со овој јазик. Другите одговориле дека немаат познавања. Што се однесува на српскиот јазик, нивото на познавање на истиот е поголемо кај испитаниците Македонци, во однос на испитаниците Албанци. Или само 9,1 % од Македонците тврдат дека не го знаат српскиот јазик, а кај испитаниците Албаници овој процент е дури 43,6 %.

### 2.2. Религиозност

На прашањето, - **Како ја определувате сопствената религиозност?**, 6,4 % од вкупниот број на испитаници тврдат дека воопшто не се религиозни, 21,2 % се определиле за опцијата „малку сум религиозен“, „верски неопределени“ се само 1,7 %, а високи 56,5 % од вкупниот број на испитаници се определиле како „религиозни“, додека за опцијата „многу сум религиозен“ се определиле 9,2 % од испитаниците (графикон бр. 5). Според половата припадност, женскиот пол е порелигиозен од машкиот. Така, доколку кај машкиот пол 51,4 % се „религиозни“, а 8 % „многу се религиозни“, кај женскиот пол 60 % се определиле за „религиозни“, а 10,2 % за „многу религиозни“. Според возраста и категориите студенти и средношколци, не постои значителна разлика во нивната перцепција на сопствената религиозност. Кога сме кај перцепцијата за степенот на религиозност кај двете најголеми етнички заедници, од одговорите е забележливо дека испитаниците од албанска етничка припадност се порелигиозни во однос на испитаниците од македонска етничка припадност. Така, кај испитаниците Македонци, 7,9 % од испитаниците тврдат дека „не се религиозни“, 26 % „малку се религиозни“, „религиозни“ се 54,7 %, а само 6,1 % од испитаниците Македонци тврдат дека „многу се религиозни“. Дотолку кај испитаниците Албанци само 3,2 % тврдат дека „не се религиозни“, ниски 12,2 % „малку се религиозни“, 60,3 % се „религиозни“, додека високо натпросечни испитаници 14,1 % тврдат дека „многу се религиозни“ (графикон бр. 6). Исто така, забележливо е минималното зголемување на религиозноста кај испитаниците од исламска вероисповед, споредено со истите кои се определиле како православни христијани. Така, кај православните христијани 26,9 % „малку се религиозни“, 57,9 % се „религиозни“, а само 6,2 % се определиле како „многу религиозни“. Дотолку според одговорите кај испитаниците од исламска вероисповед, „малку се религиозни“ 11 %, 60,5 % се определиле како „религиозни“, додека како „многу религиозни“ се 15,1 % од испитаниците со исламска вероисповед (графикон бр. 7).

*Графикон број 5*




*Графикон број 6*




*Графикон број 7*



## 2.3. Број на членови во семејството

Од вкупниот број на испитаници 10,4 % живеат во трочлени семејства, семејството се состои од 4 члена кај 37 % од испитаниците, 25,8 % од испитаниците живеат во семејства со 5 членови, во шестчлени семејства живеат 12,9 % од испитаниците, а 9 % од испитаниците живеат во семејства со 7 члена и повеќе. Најголем процент, или 48,3 % од лицата со православна вероисповед живеат во четиричлени семејства, додека кај испитаниците со исламска вероисповед највисок е процентот, 37,2 %, живеат во петчлени семејства. Слична е состојбата кога се работи за етничката припадност на испитаниците, или највисоки 45,9 % од Македонците живеат во четиричлени семејства, додека 35,9 % од испитаниците Албанци живеат во петчлени семејства. Што се однесува на населеното место, 41,3 % од испитаниците кои живеат на село живеат во петчлени семејства, додека 46,7 % од испитаниците кои живеат во град живеат во четиричлени семејства. Испитаниците најчесто живеат во двогенерациски (родители и деца) 63 %, во тригенерациски семејства (родители, деца и баби и дедовци) или 26,2 %, додека другите живеат во повеќегенерациски семејства или заедно со своите блиски роднини.

## 2.4. Потреба од изучување на друг јазик

На прашањето - **Дали во текот на школувањето, треба да се учи уште еден од јазиците на кои се зборува во земјата?**, постои, речиси, уедначена поделба во одговорите, односно 1/3 тврдат дека нема потреба од изучување на друг јазик, 1/3 тврдат дека задолжително треба да се изучува најмалку уште еден од јазиците кои се зборуваат во државата, а за 1/3 од испитаниците дополнителниот јазик треба да се изучува факултативно (графикон бр. 8). За испитаниците од албанска етничка заедница многу е поважно изучувањето на уште еден јазик кој се зборува во земјата, а тоа да не биде мајчиниот јазик. Така, доколку кај Македонците 33,6 % тврдат дека не треба да се изучува друг јазик, кај испитаниците Албанци ваквиот процент е 13,5 %. Или 57,1 % од испитаниците Албанци сметаат дека изучувањето на друг јазик треба да биде задолжително, додека за истата опција се определиле само 27,5 % од испитаниците Македонци. Сепак, поголем е процентот кај испитаниците Македонци кои сметаат дека втор јазик, од оние кои се застапени во државата треба да се изучува факултативно и тоа 39,5 %, додека факултативното изучување го преферираат 23,7 % од испитаниците Албанци (графикон бр. 9). Интересен е фактот дека не постои разлика во ставовите поврзани со ова прашање на испитаниците кои живеат во етнички хомогени и хетерогени средини. За испитаниците Македонци од јазиците кои се зборуваат во земјата, најпреферирaн, кај 21,1 %, е албанскиот јазик, 13, 5 % го преферираат српскиот јазик, а за 13,2 % испитаници тоа е турскиот јазик. За 30,1 % од испитаниците Албанци најпреферирaн втор јазик е македонскиот, а 14,7 % се определиле за турскиот јазик. Додека, пак, кај испитаниците Македонци, со 1,5 %, и кај испитаниците Албанци, со 0, 6 %, најниско е преферирaн ромскиот јазик.

*Графикон број 8*



*Графикон број 9*




## 2.5. Тип на населба и етничка интеракција во рамките на соседството

Најголем дел од испитаниците живеат во етнички еднородни населби (графикон бр.10). Така, 62,9 % од испитаниците Македонци и 64,1 % од испитаниците Албанци тврдат дека живеат во етнички хомогени населби, додека 36,5 % од испитаниците Македонци и 30,8 % од испитаниците Албанци тврдат дека живеат во етнички хетерогени населби. Треба да забележиме дека за десетина проценти повеќе испитаници тврдат дека живеат во етнички еднородни соседства, или тоа се 72,5 % од испитаниците Македонци и 68,6 % од испитаниците Албанци. Ваквата состојба се пресликува и во рамките на социјалната интеракција меѓу етничките групи. Така, на прашањето - **На која етничка припадност и припаѓаат вашите соседи со кои се дружите?**, најголем дел тврдат дека соседите со кои се дружат припаѓаат на нивната група, а помалку на нивната и на друга група (графикон бр. 11). Ваквата интеракција е поголема кај испитаниците Албанци, наспроти испитаниците Македонци. Така високи 76,3 % од испитаниците Македонци тврдат дека соседите со кои се дружат припаѓаат само на нивната група, додека кај испитаниците Албанци ваквиот процент е 56,4 %, а на мојата и друга група одговориле 20,5 % од испитаниците Македонци и 34,6 % од испитаниците Албанци. Овој сет на прашања укажува на паралелизам во рамките на социјалната интеракција која се врзува за внатрегрупната интеракција, со помала можност за поинтензивна комуникација надвор од етникумите. Сепак, според перцепциите забележливо е дека желбата за меѓуетничка интеракција е поголема кај албанската етничка заедница наспроти македонската.

*Графикон број 10*



*Графикон број 11*




На прашањето - **Дали би сакале да се иселите од вашата населба?**, најголем дел од испитаниците одговориле негативно. Притоа, високи 44,3 % од вкупниот број испитаници одговориле „Не, бидејќи тука сум навикнат/а“, а помал дел  од 9,4 % одговориле „Не, бидејќи населбата е со развиена инфраструктура“ и „Не, бидејќи населбата е еколошки чиста“ одговориле 8,9 % од испитаниците. Од оние испитаници кои се определиле дека сакаат да се иселат највисоки 9,6 % од вкупниот број испитаници тврдат дека сакаат да се иселат бидејќи населбата нема развиена инфраструктура, 4,6 % сакаат да се иселат бидејќи населбата е загадена, а за 3,5 % иселувањето е потребно бидејќи населбата е далеку од нивното работно место. Интересно е да забележиме дека кога се направи вкрстување врз основа на етничка припадност, речиси и да не постои разлика помеѓу етничките групи во државата по однос на ова прашање, па дури постои и уедначена преференција на одговорите (графикон бр. 12 и графикон бр. 13). Исто така, не постојат никакви разлики во ставовите за ова прашање кај испитаниците кои живеат во етнички еднородни и хетерогени населби.

*Графикон број 12*



*Графикон број 13*




Кога се поставува прашањето - **На која етничка заедница припаѓаат тројцата од вашите најдобри пријатели?**, тогаш се добива, речиси, едначен одговор. Кај припадниците од албанската етничка заедница, тројцата најдобри пријатели се Албанци, додека кај оние од македонската етничка заедница, нивните најдобри пријатели предоминантно се Македонци.

Слична е состојбата и кога се работи за прашањето - **На која вероисповед припаѓаат вашите три најдобри пријатели?** За испитаниците од христијанска православна вероисповед најдобрите пријатели се од нивната верска заедница, додека кај испитаниците со исламска вероисповед, предоминантно тројцата најдобри пријатели се, исто така, припадници на нивната религиска група.

Од испитаниците 31 % сакаат да живеат во населба каде живеат само припадници на нивната етничка група, 12,9 % одговориле дека преферираат да живеат во етнички мешана населба, а 55,3 % одговориле дека им е сеедно во каква населба живеат (графикон бр.14). Не постои разлика кај различните етнички групи во перцепциите по однос на ова прашање и преференците, речиси, се поклопуваат со ставовите на вкупниот број испитаници. Но постојат значителни разлики кога ќе се искомбинираат прашањата - **Во каква населба живеете и во каква населба би сакале да живеете?** Забележливо е дека кај испитаниците кои веќе живеат во етнички еднородни населби, доминира желбата и понатаму да живеат во вакви населби. Така за оние кои живеат во етнички еднородна населба, 38,2 % сакаат да живеат само во населба во која живеат припадници на нивната етничка група, 8,7 % преферираат да живеат во етнички мешана населба, а на 52,2 % испитаници сеедно им е каде ќе живеат. Кај испитаниците кои веќе живеат во етнички мешана населба 17,7 % сакаат да живеат само во населба во која живеат припадници на нивната етничка група, 20,4 % преферираат да живеат во етнички мешана населба, а 61,8 % изјавиле дека им е сеедно во каква населба живеат (графикон бр. 15).

*Графикон број 14*



*Графикон број 15*




## 2.6. Етничката, религиската припадност и интеретничките бракови

Најголем дел од испитаниците, или високи 66,5 % (59,8 % од испитаниците од православна вероисповед и 86,6 % од испитаниците од исламска вероисповед) сметаат дека е подобро да се случи брак со маж/жена од иста вера (графикон бр. 16). Колку е помала религиозноста на испитаниците, толку е поголем процентот на оние кои се неопределени или преферираат брак со маж/жена кои не се религиозни. Но, и кај помалку религиозните не е пожелна друга религиска припадност. Како се зголемува религиозноста така се зголемува и конзервативноста во ставовите по однос на брак со припадници на друга религија. Кај испитаниците кои не се религиозни, 36,4 % преферираат брак со маж/жена од иста вера, кај испитаниците кои малку се религиозни ваков брак е префериран кај 59,1 %, религиозните испитаници преферираат брак на маж/жена од иста вера со 70,6 %, а 77,1 % од многу религиозните испитаници преферираат брак со маж/жена од иста вера (графикон бр. 16). Слични се ставовите на испитаниците кога се работи за склучување на брак со маж/жена од иста националност, или дури 61,1 % (графикон бр. 17). Доколку кај испитаниците Македонци 53,5 % сметаат дека е подобро да се склопи брак со маж/жена со иста етничка припадност, додека кај испитаниците Албаници по однос на истиот став процентот е значително повисок и изнесува 82,1 %. (графикон бр. 18). Ова укажува дека етничката дистанца е многу поголема кај испитаниците Албанци кога се работи за можност за склучување на брак со етнички нееднородни групи.

*Графикон број 16*



*Графикон број 17*




*Графикон број 18*




## 2.7. Влијание на стереотипите врз етничката дистанца на национално ниво

Истражувањето се однесува на испитувањето на карактеристичните особини на одделните етнички заедници. За секоја етничка заедница беа понудени разни особини без некој посебен редослед. Задачата на испитаниците се состоеше во следново: да ги прочитаат сите наведени особини (атрибути), а потоа да го внесат бројот пред пет до десет особини за кои мислат дека се типични или карактеристични за таа етничка заедница. Типични особини за една етничка заедница се оние особини кои ги имаат повеќето од луѓето (припадниците) на таа заедница. Притоа, беа понудени следните стереотипи, односно особини: храбри, горди, подмолни, вредни, заостанати, добродушни, некултурни во однесувањето, груби, гостопримливи, кукавици, мирни (повлечени), сложни, кавгаџии, весели, себични, напредни, бучни (вреваџии), назадни, учтиви, мрзливи, самоуверени, дружељубиви, глупави (неинтелегентни), нечисти, борбени, не сакаат други народи, несебични, агресивни, разумни, отворени, преосетливи, слободољубиви, негостопримливи, нагли (жестоки), интелигентни, сакаат да владеат, нежни, мирољубиви, затворени, чисти, дрски, искрени, пијаници, снаодливи, вообразени, темпераментни, културни, практични, лакташи, фалбаџии, завидливи, митаџии, шверцери. Исто така, на испитаниците им е дозволена можноста да допишат некоја карактеристика, доколу истата не се наоѓа на понудената листа.

Поради помалиот број опфатени испитаници кај помалите етнички заедници, во рамките на резултатите ќе бидат презентирани само стереотипите кои испитаниците од македонската и албанската етничка

група ги градат кон другите. Од истражувањето можеме да забележиме дека испитаниците Македонци за себе имаат позитивни стереотипи, како храбри, горди, вредни, гостопримливи и весели. Во исто време оваа група конструира стереотипи или претпоставени карактеристики во однос на другите. Така, во највисоките пет стереотипи кои ги имаат кон албанската заедница, постојат и позитивни карактеристики, како храбри и сложни, но, сепак, преовладуваат негативните како некултурни во однесувањето, груби и сакаат да владеат. Испитаниците Албанци за себе градат позитивни атрибути, како: храбри, горди, добродушни, гостопримливи и борбени, додека кон македонската заедница градат негативни стереотипи, како: груби, не сакаат други народи, себични, сакаат да владеат и завидливи. И двете групи на испитаници, Македонци и Албанци, имаат позитивни стереотипи кон турската етничка група, а негативни кон ромската. Исто така, Македонците имаат позитивни стереотипи за српската етничка група, дедека испитаниците Албанци градат негативни стереотипи кон оваа група.

Она што можеме да го забележиме од табелата е дека процентот на преференцијата на одредена карактеристика која групите ја градат за себе е значително повисока во однос на тоа кога истата се проектира кон друга група. Така, на пример, доколку 36,4 % од испитаниците Македонци за себе сметаат дека се храбри, како прва преференција, иако истата карактеристика на прво место се припишува и на три други групи, процентот на преференција за Србите е 16,7 %, за Албанците 12 %, а за Турците 10,2 %. Слична е состојбата кај испитаниците Албанци, каде јасно може да се забележи дека процентот на преференција на карактеристиките за сопствената група е многу поголем, во однос на карактеристиките кои им се припишуваат на другите групи. На пример, за карактеристиката храбри се определиле дури 59,6 % од испитаниците Албанци. Ова укажува на силна унификација на ставовите кон сопствените групи, додека за другите постои силна дисперзираност при изборот на нивните карактеристики (табела бр. 1 и табела бр. 2).

*Табела број 1*

| **МАКЕДОНЦИ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | СТЕРЕОТИП 1 | СТЕРЕОТИП 2 | СТЕРЕОТИП 3 | СТЕРЕОТИП 4 | СТЕРЕОТИП **5** |
| МАКЕДОНЦИ | храбри (36,4 %) | горди (22,8 %) | вредни (14, 9 %) | гостопримливи (10,5 %) | весели (9,1 %) |
| АЛБАНЦИ | храбри (12 %) | некултурни во однесувањето (9,9 %) | сложни (7 %) | груби (5,3 %) | сакаат да владеат (5,3 %) |
| ТУРЦИ | храбри (10,2%) | гостопримливи (7,6 %) | сложни (4,4 % | напредни (3,5 %) | вредни (4,4 %) |
| РОМИ | подмолни / некултурни во однесувањето (7 %) | заостанати (7,3 %) | нечисти (5,6 %) | бучни (5,3 %) | глупави (неинтелигентни) (5,3 %) |
| СРБИ | храбри (16,7 %) | горди (10,5 %) | вредни (7 %) | весели (6,1 %) | учтиви/отворени (4,1 %) |

*Табела број 2*

| АЛБАНЦИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | СТЕРЕОТИП 1 | СТЕРЕОТИП **2** | СТЕРЕОТИП 3 | СТЕРЕОТИП **4** | СТЕРЕОТИП 5 |
| МАКЕДОНЦИ | груби (8,3 %) | не сакаат други народи (5,1 %) | себични(5,8 %) | сакаат да владеат (4,5 %) | завидливи (3,8 %) |
| АЛБАНЦИ | храбри (59,6 %) | горди (42,3 %) | добродушни (19,2 %) | гостопримливи (17,9) | борбени (9 %) |
| ТУРЦИ | добродушни (7,1 %) | горди (5,8 %) | дружељубиви (4,5 %) | борбени / чисти (3,8 %) | разумни (7,1 %) |
| РОМИ | заостанати (9,6 %) | некултурни во однесувањето (4,5 %) | кавгации (4,5 %) | нечисти (3,8, %) | назадни (3,8 %) |
| СРБИ | агресивни (7,7 %) | некултурни во однесувањето (5,8 %) | кавгации (5,1 %) | назадни / лакташи(3,2 %) | сакаат да владеат (4,5 %) |

Доколку се направи споредба со резултатите за стереотипите кои Македонците и Албанците ги градат за себе (автостереотипи) и едни за други (хетеростереотипи), можеме да ја забележиме состојбата прикажана во табела број 3 и табела број 4. Особините презентирани во посочените табели може да се поделат во три групи: 1. Херојско-слободарски (храбри, борбени, горди, сакаат да владеат и слично), 2. Културни (напредни, назадни, вредни, мрзливи, нечисти, учтиви и слично) и 3. Интеракциски (гостопримливи, весели, себични и слично). Овие групи може да се дополнат со Osogood-овиот семантички диференцијал, кој стереотипите ги разгледува од аспект на вреднување (евалуација, добри-лоши), моќност (потенција, силни-слаби) и активност (активни-пасивни) (Ташевска, 2004). Доколку ги разгледаме стереотипите кои Македонците ги градат за себе може да се забележат сите групи на стереотипи, но доколку во минатото доминираат културните концепти, може да се забележи придвижување во насока на херојско-слободарските стереотипи. Во делот на хетеростереотипите кон албанската заедница доминира културното ниво на стереотипи како и негативни херојско-слободарски стереотипи во истражувањата во 1995 и 2003 година. Во однос на последното, мора да се забележи дека во 2015 година има значително придвижување, затоа што како прв најзначаен стереотип кон албанската група е стереотипот кој има позитивно херојско-слободарско значење. Во делот на автостереотипите кај Албанците доминираат позитивните херојско-слободарски стереотипи, но, исто така, застапени се и културните, додека кај хетеростереотипите кон македонската заедница постојат негативни херојско-слободарски стереотипи, но и негативни културни и интеракциски стереотипи. И покрај благото придвижување во 2015 година, во однос на претходните две истражувања, сепак, можеме да констатираме дека сè уште постои компетитивност и паралелизам во однос на градењето на стереотипи помеѓу двете најголеми заедници во државата, што укажува на недоволно развиена комуникација меѓу индивидуите во заедниците, што сè уште креира предуслови за сегрегирано општество. Исто така, предрасудите на овие две групи имаат силно изразени патерналистички карактеристики и натпреварувачка компонента. Првото, се однесува со нагласен негативен набој кога станува збор за вредносните карактеристики и културното ниво на „другиот“, додека второто, укажува на конкурентски односи помеѓу етничките групи, поттикнато од чувството на загрозеност и ограничениот пристап до општествените ресурси.

*Табела број 3*

| МАКЕДОНЦИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1995 | | 2003 | | 2015 | |
| Тип на слика | Македонците за себе (авто стереотип) | Македонците за Албанците (хетеро стереотип) | Македонците за себе (авто стереотип) | Македонците за Албанците (хетеро стереотип) | Македонците за себе (авто стереотип) | Македонците за Албанците (хетеро стереотип) |
| Особина 1 | горди | заостанати | добри | агресивни | храбри | храбри |
| Особина 2 | госто-примливи | некултурни во однесувањето | попустливи | некултурни во однесувањето | горди | некултурни во однесувањето |
| Особина 3 | храбри | Груби | пасивни | груби | вредни | сложени |
| Особина 4 | вредни | не сакаат други народи | попустливи | сакаат да владеат | госто-примливи | груби |
| Особина 5 | добродушни | шверцери | добродушни | шверцери | весели | сакаат да владеат |

*Табела број 4*

| АЛБАНЦИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1995 | | 2003 | | 2015 | |
| Тип на слика | Албанците за себе (авто стереотип) | Албанците за Македонците (хетеро стереотип) | Албанците за себе (авто стереотип) | Албанците за Македонците (хетеро стереотип) | Албанците за себе (авто стереотип) | Албанците за Македонците (хетеро стереотип) |
| Особина 1 | храбри | не сакаат други народи | храбри | не сакаат други народи | храбри | груби |
| Особина 2 | горди | себични | борбени | себични | горди | не сакаат други народи |
| Особина 3 | госто-примливи | груби | горди | пасивни | добродушни | себични |
| Особина 4 | вредни | кукавици | вредни | кукавици | гостопримливи | сакаат да владеат |
| Особина 5 | добродушни | мрзливи | сложни | лоши | борбени | завидливи |

## 2.8. Етничка дистанца

На следното прашање испитаниците требаше да ги подредат понудените групи: Албанци, Македонци, Роми, Срби и Турци, со реден број од 1 до 5, со што со бројот 1 ќе се означувала групата која ја чувствуваат како најблиска, додека со 5 ќе се означувала групата која ја чувствувваат како најдалечна. Од резултатите може да се заклучи дека испитаниците Македонци и Албанци градат дистанца, но ова е многу поизразено како дистанца која ја градат Македонците кон Албанците, додека помалку Албанците кон Македонците. Она што е забележително е дека ромската заедница е на четврто место и според ставовите на испитаниците Македонци, но и според ставовите на испитаниците Албанци. Понудените проценти означуваат колку проценти од испитаниците (Македонци или Албанци) ја ставиле посочената група на местото кое им се припишува (табела бр. 5).

*Табела број 5*

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНЦИ | Македонци (83, 3 %) | Срби (66,7 %) | Турци (48 %) | Роми (30,4 %) | Албанци (39,5 %) |
| АЛБАНЦИ | Албанци (86, 5 %) | Турци (48,7 %) | Македонци (37,2 %) | Роми (42,9 %) | Срби (52,6 %) |

Скалата на интерперсонална етничка преференција е употребена за да се согледа субјективната димензија на интеракцијата, односно чувството за поврзаност и оддалеченост на припадниците на етничките заедници во земјата. Во табела број 6 се претставени разултатите од прашањето каде што испитаниците беа прашани да ги подредат групите според близината што ја чувствуваат кон секоја група. Нивото на коефициентот на поврзаност е определено со нумерички распон од 1 до 5, каде што бројот 1 означува најголема оддалеченост, додека, пак, бројот 5 означува најголема поврзаност. Притоа, компаративно се претставени резултатите од истражувањата во 1995, 2003 и 2015 година. Од презентираните податоци може да се забележи дека коефициентот на етничката дистанца, во прв план помеѓу македонската и албанската етничка заедница е најголем во постконфликтниот период во 2003 година. Од сите резултати забележливо е дека етничката дистанца е тесно поврзана со конфесионалната припадност на групите, со мал исклучок во однос на турската етничка заедница, каде што константата е најстабилна и кај перцепциите на испитаниците Македонци и кај испитаниците Албанци. Исто така, етничката дистанца во перцепциите на испитаниците Албанци е помала во однос на македонската етничка група, додека дистанцата која испитаниците Македонци ја градат кон албанската етничка група е за малку поголема. Исклучок од ваквата констатација прават резултатите од истражувањето во 2003 година. Она што охрабрува и треба да се забележи е дека, иако не во голем опсег, етничката дистанца во последното истражување од 2015 година е најмала во однос на претходните истражувања. Ова особено е изразено во односот на македонската кон албанската етничка група, каде од максималната оддалеченост во 2003 година и индекс 1,07, имаме поголемо чувство на блискост во 2015 година, односно индекс 3,18. Иако ваквиот индекс е помал кај перцепциите на албанската етничка заедница во однос на блискоста со македонската, сепак, и овде постои позитивно придвижување, од 1,12 во 1995 година и максимално можна оддалеченост од 1 во 2003 година, на приближување на 1,98 во 2015 година. Или, севкупно, од последното истражување во 2015 година, во рамките на перцепциите на испитаниците Македонци и Албанци, се забележува тренд на намалување на етничката дистанца во меѓусебниот однос, но и во нивниот однос кој го градат кон другите етнички групи. Исклучок прави, единствено, етничката дистанца која Македонците ја градат во однос на српската етничка група, а која во претходните истражувања има најмала маргина, особено во 2003 година, кога изнесува 4,78, сепак, во ова последно истражување се јавува јасен тренд на зголемување на ваквата дистанца и истата во 2015 година ја има вредноста 3,68. Сето ова и покрај сè уште постојната висока етничка дистанца меѓу двете најголеми етнички заедници во земјата, сепак, укажува на постепено подобрување на меѓуетничките односи во државата, односно укажува на јасна тенденција на намалување на ваквата дистанца (графикон бр. 19 и графикон бр. 20).

*Табела број 6*

| | **Етничка припадност** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонска | | | Албанска | | |
| | **1995** | **2003** | **2015** | **1995** | **2003** | **2015** |
| Македонци | 4,87 | 4,92 | 4,73 | 2,24 | 1,07 | 3,18 |
| Албанци | 1,12 | 1 | 1,98 | 4,88 | 5,00 | 4, 92 |
| Турци | 2,34 | 2,30 | 2,70 | 3,67 | 3,70 | 3,51 |
| Роми | 1,54 | 1,23 | 2,02 | 1,35 | 1,30 | 2,06 |
| Срби | 4,34 | 4,78 | 3,68 | 1,02 | 1 | 1,44 |

*Графикон број 19*




*Графикон број 20*






Во државата заедно живеат припадници на различни етнички заедници и религии. Она што нас не интересира како дел од истражувањето е кои, од наведените односи, испитаниците би сакале да ги имате со обичниот, ни најдобар ни најлош, припадник на одделна етничка заедница и религија. Оттука, во табелите кои следуваат (табели бр. 7, 8, 9 и 10) се претставени ставовите на

испитаниците од емпириското истражување спроведено во 2015 година. Прашањата се однесуваат на интерперсоналната етничка и религиска дистанца (Ставовите „Да се дружам со него и да ми биде пријател“ и „Мојата сестра/брат или риднина да се омажи/ожени со него“), етничката и религиска дистанца во врска со местото на живеење („Да живее со мене во иста општина“ и „Да живее со мене во исто место“), етничката дистанца во врска со функцијата („Да биде градоначалник во општината во која живеам“, „Да ја претставува општината во Собранието“ и „Да биде раководител во организацијата во која работам“), како и образовната дистанца („Неговите деца да посетуваат исто училиште како и моите“). Притоа, дел од ставовите се однесуваат на користењето на т.н. Богардусова скала на мерење на етничката дистанца.

Во однос на интерперсоналната дистанца се забележува за нијанса помала дистанца од македонската етничка заедница кон другите заедници, споредено со ставовите на испитаниците од албанската етничка заедница. Интересно е да се забележи дека, иако разликата е минимална, религиската бариера во рамките на интерперсоналните релации меѓу етничките групи не секогаш е пресудна. Така, на пример, етничката дистанца кај испитаниците од македонската етничка група во однос на турската заедница е помала од интерперсоналната дистанца која ја манифестираат кон истата испитаниците од албанската етничка заедница. Слични се корелативните интерперсонални релации и во перцепциите на испитаниците од двете најголеми конфесионални заедници (православно-христијанска и исламска), при што интерперсоналната дистанца на испитаниците од православната-христијанска заедница кон другите е помала, споредено со истата дистанца која ја имаат испитаниците од исламска вероисповед.

Кога зборуваме за етничката дистанца во врска со местото на живеење, можеме да забележиме слични ставови кај двете доминантни етнички заедници во државата, со забелешка дека значително е поголема дистанцата на албанската етничка заедница во однос на ромската и српската етничка група. Во делот на религиската дистанца, забележливо е поголемо дистанцирање на припадниците на исламската заедница во однос на другите конфесии, споредено со ставовите кои ги имаат испитаниците од христијанската-православна конфесија во однос на другите. Слична слика можеме да забележиме и во однос на етничката и религиска дистанца во врска со функцијата и образовната дистанца.

Од презентираните податоци во табеларните прикази, во табелите од број 7 до 10, можеме да забележиме дека најголемата маргина на етничка дистанца кај испитаниците Македонци е во интерперсоналната дистанца во однос на ромската етничка заедница, т.е. најголемата дистанца е во однос на ставот „Мојата сестра или роднина да се омажи за него“, каде преференција во однос на ромската етничка заедница е само 8,2 %. Дотолку, кај испитаниците Албанци, етноцентричноста е посилно изразена, а истото може да се забележи од силно изразената етничка дистанца во однос на ромската и српската етничка заедница по сите основи, или етничката дистанца е и на интерперсонална основа, силно изразена етничка дистанца во однос на местото на живеење, функцијата, но и образовната дистанца. Најсилно изразена е интерперсоналната етничка дистанца во однос на ромската заедница, каде за констатацијата „Мојата сестра или роднина да се омажи за него“, се определиле само 1,9 % од испитаниците Албанци. Причините за ваквиот однос кон ромската заедница треба да се бараат, и покрај блискоста во однос на конфесионалната припадност, во силно изразената традиционална стигматизација на ромската заедница, а во врска со српската заедница, истата се чувствува како најголем етнички ривал, а со тоа и закана за албанската заедница. Во однос на македонската етничка заедница, од ставовите на испитаниците Албанци најголема е интерперсоналната етничка дистанца. На пример, 12 % од Македонците би се согласиле нивната сестра или роднина да се омажи со Албанец, процентот на Албанците кон Македонците по однос на истото прашање е само 3,8 %. Но, мора да забележиме дека на вториот став, кој се однесува на интерперсоналната дистанца, „Да се дружам со него и да ми биде пријател“, самата етничка дистанца е најмала во корелативните односи на Македонците, Албанците и Турците. Покрај ова, исто така, кај истите групи, помала е и образовната дистанца.

Во однос на религиската припадност испитаниците од христијанска-православна вероисповед, како и оние со исламска вероисповед имаат значителна дистанца во односот кон припадниците од протестанска вероисповед. Религиската дистанца помеѓу православните христијани и испитаниците со исламска вероисповед е на основа на интерперсоналната религиска дистанца, односно на ставот „Мојата сестра или роднина да се омажи со него“. Имено, во однос на христијанската-православна вероисповед за само 7 % од испитаниците со исламска вероисповед е прифатливо, а, обратно, овој процент кај православните испитаници кон испитаниците со исламска вероисповед е 19 % (табели бр. 9 и 10).

*Табела број 7*

**МАКЕДОНЦИ**

| | МАКЕДОНЕЦ | АЛБАНЕЦ | ТУРЧИН | РОМ | СРБИН |
|---|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во иста општина | 89, 8 % | 31, 3 % | 39, 8 % | 34, 6 % | 58, 5 % |
| Да живее со мене во исто место | 86 % | 24, 9 % | 34, 2 % | 19, 3 % | 54, 1 % |
| Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца | 84, 8 % | 31, 3 % | 43 % | 29, 2 % | 57, 9 % |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | 84, 8 % | 35, 4 % | 50 % | 28, 7 % | 65, 2 % |
| Мојата сестра или роднина да се омажи за него | 86, 3 % | 12 % | 16, 4 % | 8, 2 % | 41, 5 % |
| Да биде градоначалник во општината во која живеам | 90, 1 % | 15, 2 % | 15, 8 % | 10, 8 % | 24 % |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 89, 2 % | 21, 3 % | 27, 2 % | 15, 8 % | 35, 4 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието | 89, 5 % | 16, 1 % | 18, 4 % | 11, 1 % | 26, 6 % |

*Табела број 8*

**АЛБАНЦИ**

| | МАКЕДОНЕЦ | АЛБАНЕЦ | ТУРЧИН | РОМ | СРБИН |
|---|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во иста општина | 23, 1 % | 84 % | 37, 8 % | 7, 7 % | 7, 7 % |
| Да живее со мене во исто место | 15, 4 % | 88, 5 % | 32, 1 % | 5, 8 % | 4, 5 % |
| Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца | 20, 5 % | 84, 6 % | 30, 1 % | 5, 1 % | 6, 4 % |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | 27, 6 % | 80, 8 % | 37, 8 % | 5, 8 % | 5, 8 % |
| Мојата сестра или роднина да се омажи за него | 3, 8 % | 91 % | 14, 1 % | 1, 9 % | 2, 6 % |
| Да биде градоначалник во општината во која живеам | 11, 5 % | 87, 2 % | 15, 4 % | 6, 4 % | 5, 1 % |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 17, 3 % | 86, 5 % | 18, 6 % | 6, 4 % | 8, 3 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието | 17, 3 % | 86, 5 % | 16 % | 5, 8 % | 7, 1 % |

*Табела број 9*

**ПРАВОСЛАВНА-ХРИСТИЈАНСКА ВЕРОИСПОВЕД**

| | ПРАВОСЛ. | МУСЛИМАН | КАТОЛИК | ПРОТЕСТ. |
|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во иста општина | 89, 5 % | 46, 7 % | 50, 2 % | 32, 5 % |
| Да живее со мене во исто место | 90, 1 % | 38, 4 % | 44 % | 27, 9 % |
| Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца | 87 % | 43, 7 % | 46, 4 % | 31 % |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | 89, 5 % | 43, 3 % | 47, 7 % | 30, 3 % |
| Мојата сестра или роднина да се омажи за него | 90, 4 % | 19, 8 % | 26, 9 % | 17 % |
| Да биде градоначалник во општината во која живеам | 90, 1 % | 25, 4 % | 31 % | 21, 1 % |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 90, 4 % | 28, 5 % | 30, 3 % | 21, 7 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието | 85, 8 % | 25, 1 % | 29, 4 % | 18, 9 % |

*Табела број 10*

**ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД**

| | ПРАВОСЛ. | МУСЛИМАН | КАТОЛИК | ПРОТЕСТ. |
|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во иста општина | 24 % | 93 % | 18 % | 10, 5 % |
| Да живее со мене во исто место | 19, 2 % | 91, 3 % | 16, 3 % | 7, 6 % |
| Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца | 23, 3 % | 89 % | 16, 3 % | 10, 5 % |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | 23, 3 % | 84, 9 % | 18, 6 % | 8, 1 % |
| Мојата сестра или роднина да се омажи за него | 7 % | 87, 8 % | 4, 1 % | 2, 3 % |
| Да биде градоначалник во општината во која живеам | 17, 4 % | 88, 4 % | 14 % | 8, 1 % |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 16, 9 % | 87, 2 % | 10, 5 % | 5, 8 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието | 23, 8 % | 83, 7 % | 14 % | 7, 6 % |

## 2.9. Степен на приврзаност кон групна припадност - Ликертова скала

Во следниот дел, преку користење на т.н. Ликертова скала за мерење на ставови, ќе бидат претставени ставовите на испитаниците кои содржат компоненти за приврзаноста на поединецот за определена етничка заедница, или видување за етничката приврзаност. Притоа, ќе се направи споредба на резултатите од истражувањето спроведено во 2015 година, со истражувањата спроведени на истите прашања во 1995 и 2003 година (табела бр. 11).

Според поделбата на Н. Рот и Н. Хавелка постојат три типа на национална-етничка приврзаност:

1. Исклучителна национална-етничка приврзаност (која се карактеризира со нагласена приврзаност кон сопствената нација или етничка група, како единствено важна и значајна, а одговара на она што обично се нарекува етноцентризам, национализам или етнонационализам);

2. Истакната национална-етничка припадност (која се карактеризира со изразена приврзаност кон својата нација, но и прифаќање на постоење на други групни лојалности - одговара на национална и етничка идеализација или патриотизам); и
3. Повеќекратна национална-етничка приврзаност (која ја карактеризира лојалноста спрема сопствената нација и етничката група, како и кон меѓунационалната соработка и договарање, а позната е како интернационализам) (Ташевска, 2004).

За определување на степенот на приврзаност кон својата етничка или национална група употребена е скала од девет ставови. Во делот на одговорите, понудена е петострана скала во која со бројот 1 се означува највисока согласност, а со бројот 5 потполно несогласување со понуденото тврдење. Во сите три истражувања (1995, 2003 и 2015 година) употребена е истата скала на ставови, од кои подолу во табелата број 11 е претставен индекс кој се темели на аритметичката средина од ставовите. Притоа се понудени следните ставови:

1. Секоја нација мора да има своја сопствена држава;
2. Етнички мешаните бракови се осудени на пропаст;
3. Некој може да се чувствува безбеден во околината само кога мнозинството од тие што му се во близина припаѓаат на иста етничка заедница;
4. Може да се постигне соработка меѓу етничките заедници, но не и целосна доверба;
5. Секој треба да чувствува дека судбината на неговата нација е негова сопствена судбина;
6. Јас чувствувам ист степен на припаѓање и кон мојата нација и кон човештвото;
7. Чувството на национална-етничка припадност е едно од најубавите чувства;
8. Бесчувствително е да се каже дека сите националности - етнички заедници се еднакви, кога е очигледно дека некои се повеќе вредни;
9. Оние кои припаѓаат на мојата нација би требало секогаш повеќе да ја ценат својата сопствена нација.

*Табела број 11*

| | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонска | | | Албанска | | |
| | **1995** | **2003** | **2015** | **1995** | **2003** | **2015** |
| Ставови | ар. средина | ар. средина | ар. средина | ар. средина | ар. средина | ар. средина |
| 1. | 2,61 | 2,54 | 2,42 | 1,96 | 1,12 | 1,69 |
| 2. | 3,39 | 3,02 | 3,21 | 2,10 | 2,00 | 2,34 |
| 3. | 3,00 | 1,87 | 2,78 | 2,29 | 1,87 | 1,99 |
| 4. | 2,32 | 2,00 | 2,57 | 2,13 | 1,94 | 2,08 |
| 5. | 2,35 | 2,20 | 2,79 | 2,03 | 1,79 | 2,04 |
| 6. | 2,07 | 1,76 | 1,94 | 1,93 | 1,46 | 2,13 |
| 7. | 2,59 | 3,00 | 2,34 | 1,99 | 1,85 | 1,65 |
| 8. | 3,06 | 3,24 | 2,79 | 2,42 | 2,06 | 2,08 |
| 9. | 2,67 | 2,53 | 2,40 | 2,11 | 1,94 | 1,82 |

Од презентираните податоци во табела број 11 може да се забележи одредена разлика во перцепциите на Македонците и Албанците во земјата. Највисокото ниво на несогласување кај Македонците е во однос на тврдењето „Етнички мешаните бракови се осудени на пропаст", каде може да се забележи минимално отстапување во постконфликтниот период кое оди во правец на неодлучност, но во претконфликтниот период од 1995 година и во 2015 година, индексот се зголемува, што укажува придвижување од неодлучност кон несогласување. Иако индексот е помал, истиот тренд може да се забележи и кај испитаниците Албанци. Така, доколку во постконфликтниот период во 2003 година имаме согласување, во претконфликтниот период, како и во истражувањето во 2015 година, постои придвижување на ставовите од согласност кон неодлучност. Ова прашање укажува дека и покрај јасната општествена сегрегираност на двете најголеми заедници, сепак, постои придвижување во правец на толеранција на разликите, дури и во најчувствителниот општествен сегмент како што се етнички мешаните бракови, а со тоа и зголемување на можноста за меѓуетничка толеранција.

Најнискиот индекс кај Македонците е забележан по однос на шестото прашање во кое се комбинирани национално-центричноста и универзализмот, кои иако на прв поглед изгледа дека не може да се комбинираат, сепак, ваквата можност се поврзува со нивото на апстрахирање, во кое нацијата е конкретна, додека човештвото е повеќе апстрактна категорија.

Јасни флуктуации кај Македонците можеме да забележиме кај прашањата број 7 и 8 кои се однесуваат на согласноста за супериорноста на сопствената група и емоционалниот став кон сопствената нација. Јасно може да се забележи дека овие чувства опаѓаат во постконфликтниот период, во истражувањето од 2003 година, додека со последното истражување од 2015 година, индексот е помал дури и од оној во претконфликтниот период и движејќи се од неодлучност кон согласност, укажува на јакнење на националноста или етноцентричноста кај мнозинската група во државата.

Исто така, може да се забележи јасна тенденција кај испитаниците Македонци по однос на прашањата број 1 и 9, во кои постои тенденција за континуирано придвижување од неодлучност кон согласност. Ова повторно се однесува на претходната констатација, т.е. дека, иако благо, постои јасна тенденција на националното чувство кај етничките Македонци, па дури и до степен да се чувствувате побезбедни во рамките на сопствената заедница. Но спротивно на ова, кај Македонците може да се забележи најсилно чувство на судбинско идентификување со нацијата во 2003 година, додека, денес овој став се придвижува од согласност кон неодлучност (графикон бр. 21).

*Графикон број 21*




Споредено со ставовите на испитаниците Македонци, кај испитаниците Албанци во табела број 11 јасно може да се забележи поизразената етноцентричност на групата, која најчесто се движи меѓу интервалите во согласност и потполна согласност. Тенденциите кај Албанците, исто така, се поклопуваат со тенденциите кај Македонците. Така, кај прашањето број 6 постои благо придвижување кон универзализам, односно од согласност, благо придвижување кон неодлучност. Кај прашањата број 7 и 8, кои се однесуваат на согласноста за супериорноста на сопствената група и емоционалниот став кон сопствената нација, имаме придвижување кон согласност, односно во потполна согласност. Најголемото придвижување кај Албанците го имаме по однос на второто прашање, каде има придвижување од согласност кон неодлучност, што укажува на постепено еволуирање на ставовите во насока на прифаќање на различностите, пресликани во благата тенденција за прифаќање на етнички мешаните бракови. Иако, желбата за поголемо ценење на сопствената нација се зголемува,

претставено во ставовите по однос на деветтото прашање, кај кое постои континуирана тенденција на зајакнување на согласноста, сепак, кај испитаниците Албанци постои зголемување на индексот кај првото прашање, која јасно се зголемува, односно особено во споредба со постконфликтниот период се придвижува од целосна согласност кон согласност (графикон број 22).

*Графикон број 22*




Ваквата анализа на ставови дополнително е поткрепена со ставовите на испитаниците за прашања кои се однесуваат на идентификувањето на групите со различни нивоа на приврзаност, од локалната заедница до универзализмот и приврзаноста кон глобалното опкружување. Во ова прашање беа подредени групите на кои припаѓаат испитаниците. Притоа, со заокружување на една од можностите (многу значајно, просечно значајно, малку значајно, воопшто незначајно), испитаниците се определуваат колку припадноста во секоја од овие групи им е значајна. Притоа, индексот е изведен со аритметичка средина на ставовите во кои бројот 1 е многу значајно, додека бројот 4 е незначајно. Беа понудени следниве групи: градот/селото, регионот, националноста, вероисповедта, занимањето, државата, Балканот, Европа и светот/човештвото.

Од резултатите прикажани во табелата број 12 и графиконот број 23 можеме да забележиме дека најзначајно за Македонците и Албанците е чувството за припадност кон националноста, кое кај Македонците благо се придвижува од просечно значајно кон многу значајно, додека кај Албанците повеќе инклинира кон многу значајно. Ова укажува на силната етноцентричност на македонското општество. Религиската припадност, односно вероисповед кај испитаниците Албанци е подеднакво значајна како и националноста - етничката припадност, додека од ставовите на испитаниците Македонци таа е просечно значајна и благо се придвижува кон малку значајна. Она што изненадува од резултатите е значењето кое испитаниците Албанци го даваат на локалната средина (градот/селото) и особено на занимањето. Ова може да се објасни со силната традиционализација кај оваа заедница, како и традиционално недоволното инкорпорирање во државниот сектор или поголемите компании, односно приврзаноста кон семејниот бизнис како основна алка во економското организирање на оваа заедница. Најмалку значајни за двете заедници се чувствата за припадност кои ги конструираат кон државата и поширокиот регион на Балканот. Проблематично се чини пониското значење кое ѝсе придава на државата, а се движи во преминот од просечно значајно кон малку значајно, особено на македонската етничка заедница, која истата ја доживува како сопствена национална држава (табела бр. 12 и графикон бр. 23).

*Табела број 12*

| | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | |
|---|---|---|
| | Македонска | Албанска |
| | **2015 г.** | **2015 г.** |
| Ставови | ар. средина | ар. средина |
| 1. градот/селото | 2,06 | 1,70 |
| 2. регионот | 2,20 | 1,80 |
| 3. националноста | 1,98 | 1,41 |
| 4. вероисповедта | 2,14 | 1,40 |
| 5. занимањето | 2,24 | 1,59 |
| 6. државата | 2,25 | 2,15 |
| 7. Балканот | 2,30 | 2,17 |
| 8. Европа | 2,11 | 2,04 |
| 9. светот/човештвото | 2,03 | 1,94 |

*Графикон број 23*



# III. НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ГОВОР НА ОМРАЗА И КРИМИНАЛ ОД ОМРАЗА

Во овој дел од истражувањето засебно се обработуваат перцепциите на испитаниците за три феномени во општеството и тоа: *прво*, дискриминацијата, *второ*, говорот на омраза, и *трето*, криминалот на омраза.

## 3.1. Дискриминација

Овој дел од истражувањето имаше за цел испитување на перцепцијата на граѓаните на возраст од 16 до 24 години за следниве две теми, и тоа: прво, перцепцијата за застапеноста на секој вид на дискриминација врз основа на етничката припадност, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата или уверувањето, попреченоста и политичката припадност, и второ, борбата против дискриминацијата, односно постојните мерки кои ги презема државата на ова поле. Податоците се разгледуваат и коментираат заедно со прашањата за искажаните ставови во врска со прифаќањето на разликите од првиот дел на истражувањето објаснети погоре, односно поставување на себеси во околината на социјалната разновидност и самоперцепцијата на припадност кон определена група.

### 3.1.1. Перцепција за дискриминација

Перцепцијата за дискриминација е исклучително важна како од аспект на одбраната на сопствените права, така и од аспект на избегнување дискриминациско однесување, меѓутоа и препознавање на ваквото однесување кога станува збор за повредата на правата на другите и подготвеноста да се реагира во вакви ситуации. Перцепцијата на дискриминација е посебно поврзана со знаењето, информираноста, но и со развојот на посебни вештини (развојот на „рецептори“ за дискриминација) и градењето култура на недискриминација (Петроска-Бешка, Најчевска, 2009, стр.69).

На прашањето - **Колку е честа секоја од наведените форми на дискриминација?**, испитаниците требаше да го определат нивото на постоење на дискриминација врз основа на етничката припадност, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата или уверувањето, попреченоста (ментална и телесна попреченост) и политичката припадност. Притоа, беа понудени повеќе алтернативни одговори и тоа: не постои, многу ретка, мошне ретка, мошне честа и многу честа, кои ја пресликуваат скалата од 1 до 5, каде бројот 1 е најниското ниво на постоење на дискриминација врз соодветната основа, а 5 е највисокото ниво на постоење на дискриминација. Во табелата се продуцира индекс кој е резултат на аритметичката средина од добиените одговори, каде повисокиот индекс означува поголема согласност за постоење на дискриминација во однос на соодветната основа. При обработката на податоците врз основа на етничката и религиската припадност анализирани се само податоците за двете најголеми  етнички и религиски заедници во државата.

Според резултатите од истражувањето, перцепцијата за постоење дискриминација сѐ уште е далеку пораширена од перцепцијата дека дискриминацијата отсуствува (табела бр. 13). Форми на дискриминација за кои се тврди дека се најчести се дискриминацијата врз основа на политичката и етничката припадност, а потоа следи сексуалната ориентација, религијата или уверувањето и попреченоста. Најниското ниво на постоење на дискриминација се забележува кај основата пол и возраст.

*Табела број 13*

| ДИСКРИМИНАЦИЈА | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основа | Вкупно | Пол | | Етничка припадност | | Религиска припадност | |
| | | Машки | Женски | Македонска | Албанска | Православна | Исламска |
| Етничка припадност | **3,77** | 3,69 | 3,84 | 3,70 | 3,97 | 3,70 | 3,94 |
| Пол | **2,85** | 2,63 | 3,07 | 2,78 | 3,03 | 2,75 | 3,10 |
| Сексуална ориентација | **3,74** | 3,62 | 3,86 | 3,92 | 2,90 | 3,93 | 3,03 |
| Возраст | **2,74** | 2,78 | 2,70 | 2,74 | 2,69 | 2,72 | 2,73 |
| Религија или уверување | **3,50** | 3,54 | 3,46 | 3,50 | 3,42 | 3,50 | 3,37 |
| Попреченост | **3,39** | 3,19 | 3,59 | 3,47 | 3,13 | 3,44 | 3,12 |
| Политичка припадност | **4,11** | 4,05 | 4,17 | 4,11 | 4,12 | 4,11 | 4,10 |

Перцепцијата за отсуство на дискриминација е најмала за случаите на дискриминација врз основа на политичката припадност (3,5%), етничката припадност (4,4 %) и сексуалната ориентација (6,2 %), потоа следат основите религија или уверување и попреченост (и двата со 7,3 %), додека за другите категории таквата перцепција се појавува до 14,5 % за основата возраст и високи 16,4 % за основата пол. Во таа смисла, резултатите покажуваат слична состојба во споредба со истражувањата спроведени во 2009- и 2013 година. Ова се должи на фактот дека општеството има изградено перцепција, дека историската нееднаквост на овие две групи не се гледа како на манифестација на дискриминација и затоа ниту индивидуите не ја перципираат како таква. На пример, меѓународните тела за човекови права, посебно Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената и Комитетот за елиминација на расната дискриминација во рамките на Обединетите нации укажуваат на традиционалната поставеност на жената во семејството во нашето општество која резултира во *inter alia* поголемата неписменост, напуштање на училиште на девојчињата, посебно од ромската етничка зедница, поголем степен на сиромаштија, зголемен ризик од семејно насилство и недоволна застапеност во политичкиот и економскиот живот. Сепак, преку анализа на податоците станува многу јасно дека ова е област во којашто отсуствува реалната перцепција на дискриминацијата и сфаќањето на опфатот на истата. Истото резонирање преку доминација на традиционалниот вредносен систем се користи и за објаснување на ниското ниво на свесност за дискриминацијата врз други основи, а посебно возраста и попреченоста.

Во сите три истражувања (2009, 2013 и 2015), перцепцијата за постоење на дискриминација врз основа на политичката припадност е најраспространета по која следува онаа врз основа на етничката припадност. Имено, 53,9 % од испитаниците рекле дека дискриминацијата врз основа на политичката припадност е честа појава, додека, пак, 50,8 % се изјасниле дека дискриминацијата врз основа на етничката припадност е честа појава, потоа следи зачестеноста на дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација (44,6 %), религијата или уверувањето (40,7 %), попреченоста (35,4 %), полот (27,5 %) и возраста (18,9 %). Тоа што може да се забележи за ова истражување е дека има значително голем број на одговори „не знам“ кои гравитираат помеѓу 9,4 % за основата пол до 17 % за основата сексуална ориентација. Исто така, се забележува пад на нивото на перцепција кај испитаниците за зачестеноста на дискриминацијата по сите основи од 2009 година до сега, освен кај сексуалната ориентација и религијата или уверувањето каде има незначително зголемување. Значителен пад од 29,6 % се јавува кај основата возраст, кај политичката припадност со 23,9 %, основата пол од 12,3 % и попреченост со пад од 9,4 % (табела бр.14).

*Табела број 14*

| Основа | 2015 | 2013 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Етничка припадност | 50,8 % | 51 % | 54,6 % |
| Пол | 27, 5 % | 36,6 % | 39, 8 % |
| Сексуална ориентација | 44,6 % | 46,3 % | 39,9 % |
| Возраст | 18, 9 % | 39,8 % | 48, 5 % |
| Религија или уверување | 40,7 % | 40,7 % | 36,9 % |
| Попреченост | 35,4 % | 42,1 % | 44,8 % |
| Политичка припадност | 53,9 % | 78,3 % | 77,8 % |

Вкрстувајќи ги резултатите според социодемографските карактеристики (графикон бр. 24), може да се забележи дека во најновото истражување од 2015 година, честа појава на дискриминација според етничката припадност над просечната вредност од 50,8 % забележуваат Македонците (53,2 %), Власите (60 %) и најмногу Ромите со високи 66,7 %, за разлика од Албанците (46,2 %) и Турците (28,6 %). Ова е новина во споредба со резултатите од претходните две истражувања, каде честа појава на дискриминација според етничката припадност забележуваат Албанците повеќе од Македонците (на пример: 80 % наспроти 43 % во 2009 година).

*Графикон број 24*




Забележителни разлики меѓу социодемографските карактеристики на испитаниците кои се изјасниле дека определен облик на дискриминација се јавува често, се најдени само за некои форми на дискриминација. Дискриминацијата врз основа на етничката припадност се переципира како мошне честа појава повеќе кај Ромите и Власите, отколку другите заедници; далеку повеќе кај припадниците на православната-христијанска заедница (52,9%), отколку на исламската заедница (45,4 %), и повеќето кај жените (52,7 %) отколку кај мажите (48,6 %).

Дискриминацијата врз основа на религијата или уверувањето е честа појава повеќето кај Македонците (44,8 %) отколку кај Албанците (30,7 %) и кај повеќето припадници на православната (44,6%) отколку на муслиманската (29,1 %) вероисповед, претставено во графикон број 25, што е куриозитет за разлика од претходните две истражувања (2009 и 2013). И покрај тоа што постои големо совпаѓање меѓу

припадноста на двете најбројни етнички заедници (македонската и албанската) и двете најбројни религиски заедници (православната и муслиманската), на дискриминацијата по етничка и по религиска основа не се гледа на ист начин. Односно, на дискриминацијата врз основа на религијата или уверувањето се гледа како на средно застапена форма на дискриминација, за разлика од етничката дискриминација која е втора по зачестеност, по политичката припадност. Што се однесува до полот, мажите (42,4 %) сметаат дека дискриминацијата врз основа на религијата и уверувањето е почеста, отколку што сметаат жените (39,6 %).

*Графикон број 25*




Дискриминацијата врз основа на половата припадност е честа појава повеќе кај Македонците (28,4 %), отколку кај Албанците (25 %), но разликата е незначителна, кај припадниците на православната (28,5 %), отколку на муслиманската (25,6 %) вероисповед, и од страна на повеќе жени (33,7 %) отколку мажи (18,9 %) каде разликата е значителна.

Дискриминацијата врз основа на сексуалната ориентација е перципирана како честа појава: исклучително кај поголем број на Македонци (56,3 %), отколку Албанци (17,9 %), повеќето припадници на православната (56,8%), отколку на муслиманската (19,8 %) вероисповед, и кај повеќето жени (47,5%), отколку мажи (40,3 %), кај повеќето испитаници што живеат во град (54,4%), отколку во село (28,8%) што е значителна разлика и е претставено во графиконите број 26, 27 и 28. Сепак, се чини дека придобивка на дебатата околу дискриминацијата е подигањето на свеста околу оваа практика на луѓето со нехетеросексуална ориентација. Споредено со истражувањата во 2009 и 2013 година, зголемена е перцепцијата дека дискриминација по оваа основа постои,. Меѓутоа, другите резултати покажуваат дека не е дојдено до поголема чувствителност за овој проблем, туку само постои поголема свест за постоењето на практиката. Во таа смисла, потребна е поголема работа на тоа поле од страна на надлежните институции, во соработка со заинтересираните граѓански организации.

*Графикон број 26*




*Графикон број 27*




*Графикон број 28*



Истражувањето покажа дека дискриминацијата врз основа на попреченост почесто ја забележуваат жените и припадниците на македонската етничка заедница и православните христијани. Поточно, за оваа форма на дискриминација дека е честа појава сметаат повеќето испитаници Македонци (40,3 %), отколку Албанци (25,6 %), припадниците на православната (38,7%), отколку на муслиманската (25,6 %) вероисповед, и повеќето испитаници жени (40,6 %), отколку мажи (28,3 %), и разликата е значителна кај сите три категории.

За разлика од перцепцијата за дискриминација врз основа на попреченост, основата политичка припадност ја забележуваат како честа појава сите групи испитаници подеднакво, без поголеми поместување во зависност од социодемографските карактеристики на исите. Од друга страна, ниското ниво на зачестеност на дискриминацијата врз основа на возраста се забележува, исто така, кај сите групи испитаници подеднакво, без поголеми поместување во зависност од етничкото потекло, вероисповедта или полот.

Колку често ќе се перципира определена форма на дискриминација, зависи и од тоа дали во социјалниот круг на испитаниците се застапени и припадници на различните групи што се подложни на дискриминација и дали испитаниците себеси се дефинираат како припадници на малцинска група.

### 3.1.2. Борба против дискриминација

Вложувањето во искоренување на дискриминацијата е многу малку видливо за испитаниците. До ова сознание се доаѓа преку анализа на ставовите на испитаниците по однос на прашањето **- Дали би можеле да кажете дека во државата се вложуваат напори за борба против сите облици на дискриминација?**. Имено, половина од испитаниците (47,2 %) не гледаат дека постои вложување, односно истото го сметаат за недоволно, додека 23,1 % сметаат дека делумно или целосно се вложуваат напори од страна на државата. И тука има висок процент на одговори со **„не знам“** (18,9 %) што укажува на постоење на ниско ниво на свесност помеѓу младата популација за мерките кои ги презема државата во областа на антидискриминацијата (графикон бр. 29). Ова е поврзано со перцепцијата за постоење дискриминација, оние кои сметаат дека истата постои, не гледаат напори таа да се искорени.

*Графикон број 29*




Не постои значителна разлика помеѓу перцепциите на различните етнички заедници по ова прашање, ниту значителни разлики врз основа на полот или вероисповедта. Но, процените на мерките што се преземаат во борбата против дискриминацијата во голема мерка се поврзани со перцепциите на испитаниците во врска со зачестеноста на различните облици на дискриминација, па повеќето од оние што мислат дека дискриминацијата е честа појава во земјата тврдат и дека не се преземаат доволно мерки во борбата против неа.

Во сите три истражувања (2009, 2013 и 2015), перцепцијата за преземените мерки од страна на државата за борба против дискриминацијата е дека истите се недоволни. Имено, тој процент варира, од 48,8 % во 2009 преку 59,4 % во 2013 до 47,2% во 2015 година. Значително опаѓа процентот на испитанци кои сметаат дека кумулативно пресметано целосно или доволно се вложуваат напори за борба против дискриминацијата, од високи 45,8 % (2009), преку 34,2 % (2013) до 23,1% во 2015 година (табела бр. 15).

*Табела број 15*

| | 2015 | 2013 | 2009 |
|---|---|---|---|
| Воопшто не се вложуваат | 15,2 % | 14,0 % | 20,6 % |
| Недоволно се вложуваат | 32,0 % | 45,4 % | 28,2 % |
| Доволно се вложуваат | 17,1 % | 27,8 % | 34,4 % |
| Целосно се вложуваат | 6,0 % | 6,4 % | 11,4 % |

## 3.2. Говор на омраза

Говорот на омраза причинува голема штета и тоа како на конкретните индивидуи на кои се однесува изразувањето, така и на општеството во целина. Тој го повредува идеалот на еднаквоста или еднаквиот третман и принципот на недискриминација кои се фундаментални за секое демократско општество. Говорот на омраза има штетно влијание на општествениот ред, мир и квалитетот на живот во заедницата - овој говор има капацитет сериозно да ја оштети социјалната ткаенина и да ги раздели заедниците. И конечно, говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза (Михајлова, Бачовска, Шеќерџиев, 2013).

Овој дел од истражувањето имаше за цел испитување на перцепцијата на граѓаните на возраст од 16 до 24 години за следниве две теми, и тоа: прво, перцепцијата за застапеноста на говорот на омраза врз основа на етничката припадност, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата или уверувањето, попреченоста и полтичката припадност, и второ, искуствата со говорот на омраза на испитаниците во насока на лично доживеаниот говор на омраза. Податоците се разгледуваат и коментираат заедно со прашањата за искажаните ставови во врска со прифаќањето на разликите од првиот дел на истражувањето објаснети погоре, односно поставување на себеси во околината на социјалната разноликост и самоперцепцијата на припадност кон определена група.

### 3.2.1 Перцепција за говорот на омраза

На прашањето - **Колку е честа секоја од наведените форми на говор на омраза?,** испитаниците требаше да го определат нивото на постоење на говор на омраза во општеството мотивиран од етничката припадност, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата или уверувањето, попреченоста (ментална и телесна попреченост) и политичката припадност. Притоа, беа понудени повеќе алтернативни одговори (не постои, многу ретка, прилично ретка, прилично честа и многу честа) кои ја пресликуваат скалата од број 1 до 5, каде бројот 1 е најниско ниво на постоење на говор на омраза врз соодветната основа, а бројот 5 е највискоко ниво на постоење на говор на омраза. Во табелата се продуцира индекс кој е резултат на аритметичката средина од добиените одговори, каде повисокиот индекс означува поголема согласност за постоење на говор на омраза мотивиран од соодветната основа. При обработката на податоците врз основа на етничката и религиската припадност анализирани се само податоците за двете најголеми етнички и религиски заедници во државата.

Според резултатите од истражувањето, перцепцијата за постоење на говор на омраза сè уште е далеку поаширена од перцепцијата дека истиот отсуствува (табела бр. 16). И овде идентично како и кај

одговорите за зачестеноста на дискриминацијата, испитаниците сметаат дека говорот на омраза е најчест врз основа на политичката и етничката припадност, а потоа следи сексуалната ориентација, религијата или уверувањето и попреченоста. Најниско ниво на постоење на говор на омраза испитаниците забележуваат по основа на полот и возраста.

*Табела број 16*

| Говор на омраза | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пол | | Етничка припадност | | Религиска припадност | |
| Основа | Вкупно | Машки | Женски | Македонска | Албанска | Православна | Исламска |
| Етничка припадност | 3,59 | 3,70 | 3,48 | 3,55 | 3,70 | 3,53 | 3,63 |
| Пол | 2,71 | 2,67 | 2,75 | 2,72 | 2,71 | 2,73 | 2,65 |
| Сексуална ориентација | 3,61 | 3,60 | 3,59 | 3,89 | 2,51 | 3,87 | 2,68 |
| Возраст | 2,52 | 2,57 | 2,47 | 2,48 | 2,64 | 2,45 | 2,69 |
| Религија или уверување | 3,39 | 3,42 | 3,36 | 3,39 | 3,31 | 3,38 | 3,31 |
| Попреченост | 3,08 | 2,86 | 3,30 | 3,17 | 2,74 | 3,19 | 2,71 |
| Политичка припадност | 3,98 | 3,78 | 4,18 | 4,02 | 3,88 | 3,98 | 3,83 |

Перцепцијата за отсуство на говорот на омраза е најмала за случаите врз основа на политичката припадност (3,7%), етничката припадност (5 %) и религијата или уверувањето (5,6 %), потоа следат врз основа на сексуалната ориентација (7,3 %) и попреченоста (8,9 %), додека за другите категории таквата перцепција се појавува до високи 15,4 % за основата на полот и 16,8 % за основата на возраста. Во таа смисла, резултатите покажуваат слична состојба во споредба со истражувачките наоди за перцепцијата за различните форми на дискриминација. Имено, зголемената перцепција за постоење на говор на омраза врз основа на политичката припадност се врзува со фактот што е зголемена политизацијата на општеството, воопшто. Од друга страна, пак, иако постои евидентен секојдневен мизогеничен говор во јавниот дискурс, истиот латентно се оправдува па затоа ниту испитаниците не го перципираат како погрешен и за осуда. Сепак, преку анализа на податоците станува многу јасно дека ова е област во којашто отсуствува реална перцепција за постоењето на говор на омраза и неговите форми и елементи. Истото резонирање преку доминација на традиционалниот вредносен систем се користи и за објаснување на ниското ниво на свесност за дискриминацијата врз други основи, а посебно возраста и попреченоста која сè уште во општеството се гледа од аспект на медицинскиот модел, а не од аспект на човековите права.

Дополнително, 47,4 % од испитаниците одговориле дека говорот на омраза врз основа на политичката припадност е честа појава, додека 42,5 % дека основата е етничката припадност, потоа следи зачестеноста на говорот на омраза врз основа на сексуалната ориентација (40,4 %), религијата или уверувањето (36,8 %), попреченоста (26,8 %), полот (21,6 %) и возраста (15,2 %). Тоа што може да се забележи за ова истражување е дека има значително голем број на одговори „не знам" кој гравитира помеѓу 11,2 % за основата етничка припадност и религија или уверување до 18,1 % за основата попреченост (табела бр. 17).

*Табела број 17*

| Основа | Чест говор на омраза |
|---|---|
| Етничка припадност | 42,5 % |
| Пол | 21,6 % |
| Сексуална ориентација | 40,4 % |
| Возраст | 15,2 % |
| Религија или уверување | 36,8 % |
| Попреченост | 26,8 % |
| Политичка припадност | 47,4 % |

Вкрстувајќи ги резултатите според социодемографските карактеристики, може да се забележи дека честа појава на говор на омраза поради етничката припадност над просечната вредност од 42,5 % забележуваат Македонците со незначително зголемување на процентот кој изнесува  44,4 %, како и Власите (60 %) и најмногу Ромите со високи 66,6 %, за разлика од Албанците (38,5 %). Испитаниците Турци сметаат дека говорот на омраза врз основа на етничката припадност е многу ретка појава. Со исклучок на податоците за македонската и албанската етничка заедница, другите треба да послужат само за илустрација и треба да се земат со резерва затоа што апсолутниот број на испитанци од другите етнички заедници е премал за да се влечат општи релевантни заклучоци.

Забележителни разлики меѓу социодемографските карактеристики на испитаниците кои се изјасниле дека говорот на омраза врз определена заштитена карактеристика се јавува често, се најдени само за некои појавни форми на говорот на омраза. Говорот на омраза врз основа на етничката припадност се прецепира како честа појава кај: повеќе Роми и Власи, отколку кај другите заедници, далеку повеќе припадници на православната-христијанска заедница (33,1%), отколку на исламската заедница (44 %), и незначително повеќе мажи (42,9 %) отколку жени (42,6 %).

Говорот на  омраза врз основа на религијата или уверувањето е честа појава кај: повеќето Македонци (39,8%), отколку Албанци (28,2 %) претставено во графикон број 30 и повеќето припадници на православната (39,9 %), отколку на муслиманската (27,9 %) вероисповед. Исто како и кај дискриминацијата врз оваа основа, и говорот на омраза врз основа на религијата или уверувањето се перципира како на средно застапена форма на говор на омраза за разлика од етничката дискриминација која е втора по зачестеност, по политичката припадност.

*Графикон број 30*




Говорот на омраза врз основа на полот се забележува како честа појава кај: повеќето Македонци (24,8 %), отколку Албанци(15,4 %), кај припадниците на православната (25,7%), отколку на муслиманската (13,9 %) вероисповед, и кај повеќето жени (23,6 %) отколку мажи (18,8 %), иако оваа разлика е мала.

Хомофобичниот говор е перципиран како честа појава кај: исклучително поголем број на Македонци (53,4 %), отколку Албанци (11,6%) претставено во графиконот број 31, повеќето припадници на православната (52,7%), отколку на муслиманската (13,3 %) вероисповед, повеќето испитаници што живеат во град (49,6%), отколку во село (25,3%) претставено во графиконот број 32, со огромни разлики помеѓу сите три категории, и речиси кај идентичен број на жени (41,3 %) и мажи (38,7 %). Загрижува фактот што постои огромна разлика во перцепцијата на хомофобичниот говор помеѓу македонската и албанската етничка заедница, кое се пресликува во постоење на огромната разлика и помеѓу двете најголеми конфесии во општеството кога станува збор за ова прашање. Ова би можело да се толкува со повисокиот степен на религиозност кај албанската етничка заедница како и оправдувањето за користење на хомофобичниот говор насочен кон ЛГБТИ заедницата.

*Графикон број 31*




*Графикон број 32*




Говорот на омраза врз основа на попреченост, исто како и кај дискриминацијата врз оваа основа, е перципиран како честа појава од страна на: повеќето испитаници Македонци (31,6 %), отколку Албанци (16,6 %) и разликата е значителна, кај припадниците од христијанската-православна заедница (31,6%), отколку на исламската заедница (18,3 %), и повеќе кај испитаниците жени (31,8 %) отколку мажи (19,8 %) (графикон бр. 33).

*Графикон број 33*




Говорот на омраза врз основа на возраста се карактеризира со ниско ниво на зачестеност, и се забележува кај сите групи испитаници подеднакво, без поголеми поместувања во зависност од социодемографските карактеристики на истите.

Говорот на омраза врз основа на политичката припадност се забележува како честа појава кај сите групи испитаници со поголеми поместувања во зависност од етничкото потекло и полот, и тоа се забележува повеќе кај Македонците (55,3 %) отколку кај Албанците (32,7 %) прикажано со графиконот број 34, и повеќе кај жените (52,2 %), отколку кај мажите (40,5 %).

*Графикон број 34*




Идентично како и кај перцепцијата за постоење на дискриминација, колку често ќе се перципира определена форма на говор на омраза, зависи и од тоа дали во социјалниот круг на испитаниците се застапени и припадници на различните групи што се подложни на ваков говор и дали испитаниците себеси се дефинираат како припадници на малцинска група кој може да се јави како предмет на говорот на омраза.

### 3.2.2. Искуства со говорот на омраза

Анализата на добиените податоци од одговорот на прашањето - Дали некогаш сте биле предмет на говор на омраза?, укажува на тоа дека 39,3 % од испитаниците не се почувствувале директно како жртви на говор на омраза, а само 21,6 % почувствувале говор на омраза упатен директно кон нив поради определена заштитена карактеристика. Испитаниците покажуваат тенденција да не препознаваат такво однесување доколку е упатено кон нив. Висок процент отпаѓа на одговорот „не знам“ (31,2 %) што укажува на ниско ниво на свесност кај испитаниците за што претставува говорот на омраза и кои се неговите обележја (графикон бр. 35).

*Графикон број 35*




Од оние кои лично доживеале говор на омраза, (27,4%) се мажи а (17,4 %) се жени. Од Македонците 23,7 % се изјасниле дека почувствувале говор на омраза поради своја карактеристика, додека тој процент кај Албанците е 14,7 %. Половина од испитаниците Албанци сметаат дека не биле предмет на говор на омраза, додека тој процен кај испитаниците Македонци е една третина (графикон бр. 36). Говорот на омраза почесто го чувствуваат испитаниците со католичка (50 %) и православна вероисповед (23,5 %) како и атеистите (38,5), за разлика од испитаниците со муслиманска вероисповед каде процентот е 15,1%. Од испитаниците кои живеат во град 24,2 % директно почувствувале говор на омраза, а тој процент за оние кои живеат во село изнесува 18,4 %.

*Графикон број 36*



## 3.3. Криминал од омраза

Криминалот мотивиран од нетолеранција кон одредени групи во општеството се опишува како криминал од омраза. Криминалот од омраза го сочинуваат два елемента: прво, делото мора да биде квалификувано како кривично дело во Кривичниот законик, и второ, мотивот за извршување на кривичното дело мора да е заснован на одредена предрасуда. 'Мотив заснован на предрасуди' значи дека сторителот ја избира целта на казнивото дело врз основа на заштитена карактеристика. Целта може да биде лице, повеќе лица или имот кои се поврзуваат со одредена група чии припадници споделуваат одредена заштитена карактеристика. Заштитена карактеристика претставува основна или суштинска карактеристика која ја обележува групата, како, на пример, „раса", вероисповед, етничка припадност, јазик, попреченост или сексуална ориентација. Поединечните појави на криминал од омраза во себе го носат зачетокот на потенцијални конфликти, затоа што можат да ескалираат и во однос на бројот на засегнати лица и во однос на интензитетот на насилството. Кругот на насилство може да се прекине доколку ова се прифати и доколку се преземат одлучни мерки (ОБСЕ-ОДИХР, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2014).

Овој дел од истражувањето имаше за цел испитување на перцепцијата на граѓаните на возраст од 16 до 24 години за следниве две теми, и тоа: прво, перцепцијата за застапеноста на криминалот од омраза врз основа на етничката припадност, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата или уверувањето, попреченоста и политичката припадност, и второ, искуствата со криминалот од омраза на испитаниците во насока на лично доживеаниот криминал од омраза или информација за случен криминал од омраза воопшто за кој испитаникот знае. Податоците се разгледуваат и коментираат заедно со прашањата за искажаните ставови во врска со прифаќањето на разликите од првиот дел на истражувањето објаснети погоре, односно поставување на себеси во околината на социјалната разноликост и самоперцепцијата на припадност кон определена група.

### 3.3.1. Перцепција за криминалот од омраза

На прашањето - **Колку е честа секоја од наведените форми на криминал од омраза?**, испитаниците требаше да го определат нивото на постоење на криминалот од омраза во општеството мотивиран од етничката припадност, полот, сексуалната ориентација, возраста, религијата или уверувањето, попреченоста (ментална и телесна попреченост) и политичката припадност. Притоа, беа понудени повеќе алтернативни одговори (не постои, многу ретка, прилично ретка, прилично честа и многу честа) кои ја пресликуваат скалата од број 1 до 5, каде бројот 1 е најниско ниво на постоење на криминал од омраза врз соодветната основа, а бројот 5 е највисоко ниво на постоење на криминал од омраза. Во табелата се продуцира индекс кој е резултат на аритметичката средина од добиените одговори, каде повисокиот индекс означува поголема согласност за постоење на криминал од омраза мотивиран од соодветната основа. При обработката на податоците врз основа на етничката и религиската припадност анализирани се само податоците за двете најголеми етнички и религиски заедници во државата.

Според резултатите од истражувањето, перцепцијата за постоење на криминал на омраза сѐ уште е далеку поширена од перцепцијата дека истиот отсуствува (табела бр. 18). И овде идентично како и кај одговорите за зачестеноста на дискриминацијата и зачестеноста на говорот на омраза, испитаниците сметаат дека криминалот од омраза е најчест врз основа на политичката и етничката припадност. За разлика од перцепцијата кај дискриминацијата и говорот на омраза, трета основа на зачестеност на криминалот од омраза е религијата или уверувањето, па потоа следи сексуалната ориентација како четврта основа. Најниско ниво на постоење на криминал од омраза испитаниците забележуваат кај основата попреченост, пол и возраст. Попреченоста, кај дискриминацијата и говорот на омраза се придвижува од „прилично ретка" кон „прилично честа", додека кај криминалот од омраза таа се придвижува од „прилично ретка" кон „многу ретка".

*Табела број 18*

| Криминал од омраза | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основа | Вкупно | Пол | | Етничка припадност | | Религиска припадност | |
| | | Машки | Женски | Македонска | Албанска | Православна | Исламска |
| Етничка припадност | **3,48** | 3,44 | 3,52 | 3,42 | 3,64 | 3,40 | 3,58 |
| Пол | **2,52** | 2,47 | 2,57 | 2,51 | 2,53 | 2,49 | 2,54 |
| Сексуална ориентација | **3,25** | 3,19 | 3,31 | 3,41 | 2,63 | 3,42 | 2,72 |
| Возраст | **2,47** | 2,49 | 2,45 | 2,48 | 2,43 | 2,44 | 2,41 |
| Религија или уверување | **3,26** | 3,41 | 3,11 | 3,29 | 3,21 | 3,23 | 3,17 |
| Попреченост | **2,83** | 2,84 | 2,82 | 2,88 | 2,65 | 2,88 | 2,65 |
| Политичка припадност | **3,91** | 3,84 | 3,98 | 4,03 | 3,58 | 4,02 | 3,57 |

Перцепцијата за отсуство на криминал од омраза е најмала за случаите врз основа на политичката припадност (4,2 %), етничката припадност (6,2 %) и религијата или уверувањето (6,7 %), потоа следат основите сексуална ориентација (7,7 %) и попреченост (11,8 %), додека за другите категории таквата перцепција се појавува до високи 16,8 % за основата пол и 18,1 % за основата возраст. Во таа смисла, резултатите покажуваат слична состојба во споредба со истражувачките наоди за перцепцијата за различните форми на дискриминација и говор на омраза. Истото резонирање како и за овие два феномена се користи и за толкување на наодите за постоењето на криминалот од омраза, односно зголемената политизацијата на секојдневието во општеството доведува до перцепција за постоење на криминал од омраза врз основа на политичката припадност, иако ова не содејствува целосно со реалноста. Од друга страна, пак, опстојува ниското ниво на свесност за криминалот од омраза посебно на лицата со попреченост и постарите граѓани. Според податоците од мониторингот на случаи на криминал од омраза и инциденти мотивирани од омраза кој може да се следи на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com, покажува дека во периодот од 2013 до 2016 година најчеста основа е етничката припадност со исклучително висок процент од сите регистрирани случаи на криминал од омраза (64 %), па потоа следат другите основи како што се политичката припадност (12%), статусот на бегалец или мигрант (9 %), религијата или уверувањето (7 %) и сексуалната ориентација или родовиот идентитет (6 %). Само еден случај е регистриран на криминал од омраза мотивиран од пристрасност врз основа на попреченост (0,4 %). Поголем дел од кривичните дела регистрирани како криминал од омраза вклучуваат: насилство, кражба, вклучувајќи и вооружена кражба, телесна повреда, вклучувајќи и тешки телесни повреди, имотна штета и учество во тепачка (Хелсиншки комитет за човекови права, 2016).

Истражувањето покажа дека, 42,2 % од испитаниците се изјасниле дека криминалот од омраза врз основа на политичката припадност е честа појава, додека 33,9 % се изјасниле идентично за основата етничка припадност, потоа следи зачестеноста на криминалот од омраза врз основа на религијата или уверувањето (28,7 %), сексуалната ориентација (28,5 %), попреченоста (18,6 %), полот (15 %) и возраста (13,9 %). Тоа што може да се забележи за ова истражување е дека има значително голем број на одговори „не знам“ кој гравитира помеѓу 21,2 % за основата пол до 26,2 % за основата попреченост (табела бр.19).

*Табела број 19*

| Основа | Чест криминал од омраза |
|---|---|
| Етничка припадност | 33,9 % |
| Пол | 15,0% |
| Сексуална ориентација | 28,5 % |
| Возраст | 13,9 % |
| Религија или уверување | 28,7 % |
| Попреченост | 18,6 % |
| Политичка припадност | 42,2 % |

Споредбено се забележува тенденција на намалување на процентот на зачестеност по сите основи, со највисок процент кај перцепцијата за постоење на дискриминација, па потоа кај постоењето на говор на омраза, и на крај кај зачестеност на криминалот од омраза. Тоа е и логично, затоа што дискриминацијата како феномен е многу поширока за разлика од говорот на омраза, и посебно од криминалот од омраза, иако сите три феномени се појавуваат напоредно поради постоењето на негативни предрасуди и стереотипи кон различни групи на луѓе во македонското општество.

Вкрстувајќи ги резултатите според социодемографските карактеристики, може да се забележи дека перцепцијата за криминалот од омраза поради етничка припадност како честа појава се наведува во приближно ист процент кај сите испитаници од различни етнички групи, и тоа кај Власите изнесува 40 %, кај Албанците 34,6 %, кај Македонците 34 %, како и кај Ромите 33,4 %, за разлика од Турците (14,3 %). Со исклучок на податоците за македонската и албанската етничка заедници, другите треба да послужат само за илустрација затоа што апсолутниот број на испитанци од другите етнички заедници е премал за да се влечат општи релевантни заклучоци.

Забележителни разлики меѓу социодемографските карактеристики на испитаниците кои се изјасниле дека криминалот од омраза врз определена заштитена карактеристика се јавува често,

се најдени само за некои манифестации на криминалот од омраза.

Како што е елаборирано погоре, криминалот од омраза врз основа на етничката припадност се перципира како честа појава кај сите етнички заедници подеднакво, но далеку повеќе кај припадниците на православната (34,2 %), отколку на исламската (22%) заедница, и кај повеќе мажи (34,4 %), отколку жени (33,9 %), но разликата е занемарлива.

Криминалот од омраза врз основа на религијата или уверувањето е честа појава кај: повеќето Македонци (31,3%), отколку кај Албанците (23,7 %) претставено во графиконот број 37 и повеќето припадници на православната (30,3 %), отколку на муслиманската (22,7 %) вероисповед. Исто како и кај дискриминацијата и говорот на омраза врз оваа основа, и криминалот од омраза врз основа на религијата или уверувањето се перципира како на средно застапена форма на криминал од омраза за разлика од етничката припадност која е втора по зачестеност, по политичката припадност.

*Графикон број 37*



Криминалот од омраза врз основа на полот се забележува како честа појава кај: повеќето Македонци (16,3 %), отколку кај Албанците (12,2 %), кај припадниците на православната (15,8%), отколку на муслиманската (12,2%) вероисповед, и кај повеќето жени (16,7 %), отколку мажи (12,8 %), иако оваа разлика е доста мала.

Криминалот од омраза врз основа на сексуалната ориентација како честа појава се забележува кај: исклучително поголем број на Македонци (34,8 %), отколку кај Албанци (14,1%) претставено во графикон број 38. Повеќето припадници на православната (35,6%), отколку на муслиманската (12,7 %) вероисповед сметаа дека криминалот од омраза врз оваа основа е честа појава, додека тој процент кај атеистите се искачува до 53,9 %. Исто така, повеќето испитаници што живеат во град (33,3%), отколку во село (19,9%) и кај повеќето жени (32,5 %) отколку мажи (22,6 %) се појавува истата перцепција. Загрижува фактот што постои огромна разлика во перцепцијата на овој феномен помеѓу македонската и албанската етничка заедница, од цели 20 %, кое се пресликува во постоењето на огромна разлика и помеѓу двете најголеми конфесии во општеството кога станува збор за ова прашање. Истата тенденција се забележува и кај перцепцијата за постоењето или непостоењето на хомофобичниот говор во општеството, објаснета погоре.

*Графикон број 38*




Криминалот од омраза врз основа на попреченоста е перципиран како честа појава кај: повеќето испитаници Македонци (20,5 %), отколку кај Албанците (15,4 %), кај припадниците на православната (21,1 %), отколку на муслиманската (14,6 %) вероисповед, и повеќе кај испитаниците жени (19,7 %), отколку мажи (17,4 %), но разликата е незначителна.

Криминалот од омраза врз основа на возраста се карактеризира со ниско ниво на зачестеност, и се забележува кај сите групи испитаници подеднакво, без поголеми поместувања во зависност од социодемографските карактеристики на истите.

Криминалот од омраза врз основа на политичката припадност како честа појава се забележува кај сите групи испитаници со поголеми поместувања во зависност од етничкото потекло и полот, и тоа се забележува повеќе кај Македонците (49,1 %) отколку кај Албанците (29,5 %) прикажано со графикон број 39, кај припадниците на православната (48 %), отколку на муслиманската (28,5 %) вероисповед, и повеќе кај жените (45,6 %), отколку кај мажите (37,2 %), прикажано со графиконот број 40.

*Графикон број 39*




*Графикон број 40*




Идентично како и кај перцепцијата за постоење на дискриминација и говор на омраза во општеството, колку често ќе се перципира определена манифестација на криминал од омраза, зависи и од тоа дали во социјалниот круг на испитаниците се застапени и припадници на различните групи што се подложни да се јават како потенцијални жртви на криминал од омраза и дали испитаниците себеси се дефинираат како припадници на малцинска група која може да се јави како предмет на криминал од омраза.

### 3.3.2. Искуства со криминалот од омраза



Анализата на добиените податоци од одговорот на прашањето - Д**али некогаш сте биле предмет или сте запознаени со некој случај на криминал од омраза?**, укажува на тоа дека 40,5 % од испитаниците не се почувствувале директно како жртви на криминал од омраза ниту, пак, знаат за некој случај на криминал од омраза, а само 17,9 % ги почувствувале ефектите на криминалот од омраза упатен директно кон нив поради определена заштитена карактеристика или, пак, знаат за некој случај на криминал од омраза. Испитаниците покажуваат тенденција да не го препознаваат криминалот од омраза затоа што процентот кој отпаѓа на одговорот „не знам“ и „нема податок“ е

мошне висок (кумулативно од двете категории изнесува 38,2 %) што укажува на ниското ниво на свесност кај испитаниците за тоа, што претставува овој феномен и кои се неговите манифестации (графикон бр. 41).

*Графикон број 41*




Лично доживеале криминал од омраза 20,3 % мажи а 16,4% жени. Врз етничка основа перцепцијата за личното искуство со криминалот од омраза е избалансирано. Имено, од Македонците 18,4 % се изјасниле дека се јавиле како жртва на криминал на омраза поради својата карактеристика, додека тој процент кај Албанците е 17,9 %. Речиси половина од испитаниците Албанци (46,2 %) сметаат дека не биле предмет на криминал од омраза ниту, пак, знаат за некој конкретен случај, додека тој процент кај испитаниците Македонци е повеќе од една третина и изнесува 38 % (графикон бр. 42). Криминалот од омраза во идентичен обем го чувствуваат или, пак, знаат за него испитаниците со муслиманска вероисповед (16,3 %) и испитаниците со православна вероисповед каде процентот е 16,7%. Од испитаниците кои живеат во град 21,2 % директно почувствувале криминал од омраза, додека тој процент за испитанците кои живеат на село изнесува 12,4 %.

*Графикон број 42*



# IV. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Во државата, етничките заедници најдобро го познаваат македонскиот јазик, што и покрај можноста образованието да се стекне на сопствениот мајчин јазик е за очекување, бидејќи тоа е јазикот на најголемата етничка заедница и е во службена употреба во државата. Во делот на познавањето на јазици од заедниците кои живеат во државата, албанската етничка заедница има најголемо познавање на јазиците на другите етнички заедници, како, на пример, македонскиот јазик (84 %), а значителен дел од испитаниците го познаваат и српскиот (56,4 %) и турскиот јазик (35,8 %). Македонската и српската етничка заедница освен меѓусебното познавање на сопствените јазици имаат најмало познавање на другите јазици кои ги зборуваат заедниците во државата. Најмалку познат за другите етнички групи е ромскиот јазик.
- Што се однесува со степенот на религиозност, испитаниците (студенти и средношколци) себеси се определуваат како религиозни. Од резултатите на истражувањето може да се забележи дека степенот на религиозност е повисок кај испитаниците од албанската етничка заедница (74,4 %) и со исламска вероисповед (75,6 %), но мораме да потенцираме дека ваквата разлика во однос на испитаниците од македонската етничка заедница (60,8 %) и со православна христијанска вероисповед (64,1 %) не е многу голема. Според половата припадност, женскиот пол е порелигиозен (70,2 %) за разлика од машкиот пол (59,4 %).
- Најголем дел од испитаниците живеат во четиричлени семејства. Кај македонската етничка заедница, исто така, најзастапени се четиричлените семејства (45,9 %), додека, пак, кај албанската етничка заедница најзастапени се петочлените семејства (35,9 %).
- Од истражувањето може да се заклучи дека најголем дел од испитаниците или 2/3, се определиле за задолжително или факултативно изучување на еден од јазиците на заедниците кои живеат во државата, а кој не се однесува на нивниот мајчин јазик. Интересно е дека за албанската етничка заедница дополнителниот јазик треба да се изучува задолжително (57,1 %), а за македонската етничка заедница треба да се изучува факултативно (39,5 %).
- Сегрегацијата во општество може да се уочи во фактот дека најголем дел од испитаниците живеат во етнички еднородни населби (Македонците со 62,9 % и Албанците со 64,1 %), што се пресликува во рамките на социјалната интеракција каде блиското опкружување надвор од семејството, поврзано со пријателите со кои се дружат, исто така, е етнички еднородно, односно постои незначителна интеракција со другите етнички заедници.
- Најголемиот дел од испитаниците не сакаат да се иселат од населбата во која живеат. Интересно е да се потенцира дека помалиот процент кој би сакале да се иселат, тоа би го направиле бидејќи населбата нема развиена инфраструктура, бидејќи населбата е загадена, или иселувањето е потребно бидејќи населбата е далеку од нивното работно место. Последното укажува на значително поместување на перцепциите, дури и кај испитаниците кои живеат во етнички мешани населби, каде евентуалната причина за иселување воопшто не се поврзува со меѓуетничката или меѓурелигиската интеракција како причина за тоа. Исто така, забележливо е дека помал процент од испитаниците кои живеат во етнички хетерогени населби би сакале да живеат во етнички еднородни населби, споредено со испитаниците кои веќе живеат во етнички еднородни населби.
- Конзервативноста на односите помеѓу етничките групи, поврзана со меѓуетничката интеграција е пресликана во рамките на ставовите поврзана со можноста за склучување на брак со припадник од друга заедница. Подеднакво и кај различните етникуми (Македонците со 53,5 % и Албанците со 82,1 %) и кај различните конфесии (христијанска-православна вероисповед со 59,8 % и исламска вероисповед со 86,6 %) силно е изразена преференцијата за склопување на брак во рамките на својата заедница. Како се зголемува религиозноста, така се зголемува и конзервативноста во ставовите.
- Во државата постои силно изразена етничка дистанца од аспект на стереотипите кои етничките групи ги конструираат едни за други. Во односот на македонската и албанската етничка заедница, меѓусебно се конструираат негативни стереотипи, но за разлика од претконфликтниот и постконфликтниот период, постои благо поместување во насока на создавање предуслови и постепено надминување на негативното стереотипизирање. Стереотипите кои двете најголеми етнички заедници во државата ги конструираат кон турската етничка заедница, а кои се исклучително позитивни, и кон ромската

етничка заедница, каде што истите се исклучително негативни.

- Предрасудите на албанската и македонската етничка група имаат сило изразени патерналистички карактеристики и натпреварувачка компонента. Првото, се однесува со нагласен негативен набој кога станува збор за вредносните карактеристики и културното ниво на „Другиот“, додека второто, укажува на конкурентски односи помеѓу етничките групи, поттикнато од чувството на загрозеност и ограничениот пристап до општествените ресурси.
- Етничката дистанца во нашата држава сè уште е силно изразена, поврзана со конфесионалната припадност и општите културолошки карактеристики. Она што охрабрува, е јасно изразената тенденција на намалување на етничката дистанца, која може да се забележи во меѓусебните релации и кај македонската и кај албанската етничка заедница. И покрај сè уште најголемата изразена блискост, единствената тенденција на зголемување на етничката дистанца е во односот на македонската етничка заедница кон српската етничка заедница.
- Во државата најголема е интерперсоналната дистанца во односото кој најголемите две етнички заедници го градат кон ромската етничка заедница. Во меѓусебните релации на македонската и албанската етничка заедница најголема е интерперсоналната дистанца во однос на прашањата поврзани со традиционалните институции како што е бракот, но истата е значително помала кога се разгледуваат перцепциите за меѓуетничка интеракција базирана на градење на пријателски врски. Изненадувачки е фактот дека и покрај сегрегираноста во рамките на образовниот систем, образовната дистанца не е толку силно изразена. Во делот на религиската дистанца забележливо е поголемо дистанцирање на припадниците на исламската заедница во однос на другите конфесии, споредбено со ставовите на припадниците на православната-христијанска вероисповед во однос на другите.
- Етноцентричноста и идентификувањето со религиската припадност се силно изразени. Иако, истите се поизразени кај албанската етничка заедница, сепак, тенденција на зголемување на значењето кое и се придава на нацијата како примарна групна идентификација се забележува и кај македонската етничка заедница.
- Ниското чувство за идентификување со државата, кое е присутно и кај македонската и кај албанската етничка заедница во иднина може да придонесе за намалување на чувството за лојалност кон истата. По однос на овој тип на лојалност постои обратнопропорционална тенденција која го следи зајакнувањето на националното чувство и тенденцијата за зајакнување на етнификацијата во македонскиот општествен контекст.
- Религиската припадност кај испитаниците Албанци е подеднакво значајна како и етничката припадност, додека кај Македонците таа се придвижува кон малку значајна.
- Споредбено се забележува тенденција на намалување на процентот на зачестеност по сите основи, со највисок процент кај перцепцијата за постоење на дискриминација, па потоа кај постоење на говор на омраза, и на крај кај зачестеност на криминалот од омраза. Тоа е и логично, затоа што дискриминацијата како феномен е многу поширока за разлика од говорот на омраза, и посебно од криминалот од омраза, иако сите три феномени се појавуваат напоредно поради постоењето на негативни предрасуди и стереотипи кон различни групи на луѓе во кон различни групи на луѓе во општеството.
- Според резултатите од истражувањето, перцепцијата за постоење дискриминација сè уште е далеку пораширена од перцепцијата дека дискриминацијата отсуствува. Основи на дискриминација за кои се тврди дека се најчести се дискриминацијата врз основа на партиската и етничката припадност, а потоа следи сексуалната ориентација, религијата или уверувањето и попреченоста. Најниско ниво на постоење на дискриминација се забележува кај основата пол и возраст, кој се должи на ниското ниво на спознавање на различните форми на дискриминација врз овие основи во општеството.
- Половина од испитаниците не препознаваат доволно преземање мерки во борбата против дискриминацијата. Од добиените податоци може да се види дека повторно оние кои сметаат дека дискриминацијата е честа појава повеќе се наклонети да сметаат дека преземањето на мерки за борба против дискриминацијата се недоволни.
- Истражувањето покажа дека една петтина од испитаниците се јавиле како жртва на говорот на омраза. Добиените резултати, сепак, не ја одразуваат реалната состојба со говорот на омраза во земјата, имајќи предвид дека населението сè уште не е доволно чувствително во насока да го препознава

овој феномен. Посебно загрижува непрепознавањето на мизогеничниот говор кој е мошне застапен во јавниот дискурс од страна на сите групи, како и непрепознавањето на хомофобичниот говор од страна на испитаниците од албанската етничка заедница и на испитаниците од муслиманската вероисповед.

- Според резултатите од истражувањето, перцепцијата за постоење на говор на омраза, **идентично како и кај одговорите за зачестеноста на дискриминацијата,** сѐ уште е далеку пораширена од перцепцијата дека истиот отсуствува. Од испитаниците 47,4% сметаат дека говорот на омраза врз основа на политичката припадност е честа појава, додека 42,5 % сметаат дека основата е етничката припадност, потоа следи зачестеноста на говорот на омраза врз основа на сексуалната ориентација (40,4 %), религијата или уверувањето (36,8 %), попреченоста (26,8 %), полот (21,6 %) и возраста (15,2 %). Тоа што може да се забележи за ова истражување е дека има значително голем број на одговори „не знам" кој гравитира помеѓу 11,2 % за основата етничка припадност и религија или уверување до 18,1 % за основата попреченост.
- Говорот на омраза врз основа на возраста се карактеризира со ниско ниво на зачестеност, и се забележува кај сите групи испитаници подеднакво, без поголеми поместувања во зависност од социодемографските карактеристики на исите.
- **Идентично како и кај перцепцијата за постоење на дискриминација, колку често ќе се перципира определена форма на говор на омраза или на криминал од омраза, зависи и од тоа дали во социјалниот круг на испитаниците се застапени и припадници на различните групи што се подложни на ваков говор или криминал и дали испитаниците себеси се дефинираат како припадници на малцинска група кој може да се јави како предмет на говорот на омраза или криминал од омраза.**
- Истражувањето покажа дека 17,9 % од испитаниците се јавиле како жртва на криминал од омраза. Добиените резултати, сепак, во целост не ја одразуваат реалната состојба со криминалот од омраза во општеството, имајќи предвид дека населението сѐ уште не е доволно чувствително во насока да го препознава овој феномен и неговите манифестации.
- Истражувањето покажа дека, 42,2 % од испитаниците сметаат дека криминалот од омраза врз основа на политичката припадност е честа појава, додека 33,9 % сметаат дека основата е етничката припадност, потоа следи зачестеноста на криминалот од омраза врз основа на религијата или уверувањето (28,7 %), сексуалната ориентација (28,5 %), попреченоста (18,6 %), полот (15 %) и возраста (13,9 %). Една четвртина од сите испитаници во просек одговорила со „не знам" на прашањето за зачестеноста на криминалот од омраза врз односните основи. Посебно загрижува непрепознавањето на криминалот од омраза врз основа на сексуалната ориентација од страна на испитаниците од албанската етничка заедница и на испитаниците со муслиманска вероисповед.

## ПРЕПОРАКИ

- Зајакнување на можностите за меѓуетничка интеракција на младите, особено на оние кои потекнуваат од етнички еднородни населби, преку алтернативни образовни програми, како што се кампови, курсеви, работилници и слично.
- Воведување на факултативно изучување на јазиците на заедниците кои живеат во државата во рамките на образовниот систем. Фокусот особено треба да се стави на јазиците кои се зборуваат во рамките на локалната заедница.
- Креирање на образовни програми за меѓуетничка интеракција во кои би биле опфатени содржини од значење на различните етнички заедници, а со што треба да се намали етничката дистанца и негативните стереотипи и да се зголеми нивото на меѓуетничката коегзистенција во општеството.
- Градење на предуслови за намалување на силно изразената етноцентричност, преку механизми кои ќе го зајакнат граѓанскиот концепт и зајакнување на чувството на припадност кон државата.
- Зајакнување на капацитетите на универзитетите, преку поинтензивна соработка со соодветните државни институции и единиците на локалните самоуправи, во насока на зголемување на меѓуетничката интеракција и зајакнување на општествената инклузија врз основа на прашањата кои немаат силно изразена етничка и религиска димензија.
- Потребно е да се стави посебен фокус на можноста за намалување на најсилно изразената етничка

дистанца во однос на ромската етничка заедница, преку зголемување на можноста за вклучување на членови на оваа заедница во рамките на високообразовните институции во државата.

- Сензибилизација на граѓаните за различните облици на дискриминација и зголемување на нивото на знаење и информирање. Притоа, се препорачува стимулирање на соодветно медиумско прикажување на дискриминацијата и последиците од дискриминацијата врз остварувањето на основните права и слободи на различните групи на граѓани.
- Подигање на јавната свест за различните појавни форми на говорот на омраза и добри практики на национално и локално ниво за негово надминување. Борбата со говорот на омраза треба да се заснова на трислоен пристап: развивање на позитивни политики; заштита преку административните и граѓански постапки и предвидување на кривични санкции. *Camden* принципите за слобода на изразување и еднаквост се корисен водич за позитивни политики и мерки со кои се гарантира слободата на изразување и еднаквоста во општеството.
- Преземање на превентивни мерки против криминалот од омраза, вклучувајќи едукација за човековите права и подигање на јавната свест за вредноста на културната различност и инклузијата со цел сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост.

## ПРИЛОГ 1 – Методологија

Во рамките на ова истражување е користен квантитативниот методолошки пристап со спроведување на анкетен прашалник врз 519 испитаници. Целниот примерок опфати млади испитаници (средношколци и студенти), при што соодветно се застапени половите, етничките, религиските и социјалните основи на групите кои се застапени во општеството и истите се селектирани по случаен избор. Притоа, се користени затворени прашања со повеќе категории на прашања со повеќе алтернативни одговори, скалата од број 1 до 5 (од потполно се согласувам до воопшто не се согласувам), понудена листа на стереотипи, како и Богардусовата и Ликертовата скала на мерење на етничка дистанца и степен на припадност кон соодветно понудени групи.

Прашалниците се спроведени во рамките на универзитетите „Гоце Делчев"-Штип, „Св. Кирил и Методиј"- Скопје како и Државниот универзитет во Тетово. Исто така, опфатени се повеќе средни училишта во Штип, Струмица, Виница, Скопје, Тетово и Гостивар. За обработка на податоците е користена SPSS статистичка програма за обработка на податоци.

Компаративниот пристап вклучува споредба со истражувања за стереотипите и етничката дистанца спроведени во 1995 година од проф. д-р Марија Ташева и во 2003 година од проф. д-р Фросина Ташевска-Ременски (Ташева, 1997; Ташевска, 2003).

Наодите од ова истражување, каде што беше можно поради идентични прашања, се споредувани со резултатите од слично истражување спроведено во 2009 година (Петроска- Бешка, Најчевска, 2009) како и идентичното истражување спроведено во 2013 година (Поповиќ, Михаиловска, 2013). Повикувањето (референцирањето) на податоците од тие истражувања за компаративни цели е правено со споменување на годината (2009) и (2013) соодветно.

## ПРИЛОГ 2 –Анкетен прашалник

*(1)* □ 1. Пол 1. м 2. ж

*(2)* □ 2. Возраст 1. од 16 до 18 г. 2. од 19 до 21 г. 3. од 22 до 24 г.

*(3)* □ 3. Место на живеење 1. Село 2.Град

*(4)* □ 4. Етничка припадност
1. Македонска 2. Албанска 3. Турска 4 .Ромска 5. Српска
6. Влашка 7. Друга ________________

*(5)* □ 5. Вероисповед
1. Православна 2. Исламска 3. Католичка 4. Протестантска
5. атеист 6. друга______________

*(6)* □ 6. Образование 1. Средношколец 2. Студент 3. Друго_____________

*(7)* □ 7. Наведете го универзитетот / средното училиште каде студирате/учите
__________________________________________________.

*(8)* □ 8. Месечни примања во рамките на семејството
1. до 8.000 ден. 2. од 8.000 до 15.000 ден. 3. од 15.000 до 30.000 ден.
4. од 30.000 до 60.000 ден. 5. повеќе од 60.000 ден.

*(9)* Покрај мајчиниот јазик кој друг јазик, од подолу наведените, го познавате:

| | | 1 Да читате и пишувате | 2 Да читате | 3 Разговорно да се служите | 4 Не познавам |
|---|---|---|---|---|---|
| (9) | македонски | | | | |
| (10) | Албански | | | | |
| (11) | Турски | | | | |
| (12) | Ромски | | | | |
| (13) | Српски | | | | |
| (14) | Други | | | | |

*(15)* □10. Како ја определувате сопствената религиозност?
1. Не сум религиозен 2. Малку сум религиозен
3. Верски сум неопределен 4. Религиозен 5. Многу сум религиозен

*(16)* □11. Кое е (било) занимањето на еден од вашите родители

1, Земјоделци

2, Работници во приватен сектор и земјоделството

3. Работници во општествен сектор и А.Д.

4. Приватни занаетчии и трговци

5. Службеници

6. Универзитетски професори, високи кадри во научноистражувачки институции и слободни професии

7. Раководен кадар во работни организации и државни установи

8. Приватници (сопственици на поголеми претпријатија)

9. Невработен

10. Домаќин/ка

# II

Ќе ви поставиме неколку прашања за вашето домаќинство и вашите станбени услови:

*(17)* □ 12. Колку членови брои вашето домаќинство? ___________________

*(18)* □ 13. Колку генерациско е вашето домаќинство?

1. Една генерација (маж и жена)
2. Две генерации (родители и деца)
3. Три генерации (родители, деца и внуци)
4. Повеќе генерации и блиски роднини

(19) □ 14. Дали во текот на школувањето, треба се да учи уште еден од јазиците на кои се зборува во дравата?

1. Не
2. Да, задолжително
3. Да, факултативно (изборно)

(20) □ 15. Ако на претходното прашање одговоривте со да, кој јазик го претпочитате?

1. Македонски 2. Албански 3. Турски

4. Српски 5. Ромски

(21) □ 16. Кој ги донесува значајните одлуки во вашето домаќинство?

1. Таткото 2. Мајката 3. Таткото и мајката заедно

4. Децата 5. Сите заедно

# III

Следните прашања се однесуваат на вашата населба

(22) □ 17. Во поглед на етничкиот состав каква е вашата населба?

1. Етнички еднородна 2. Етнички мешана

(23) □ 18. А какво е вашето соседство?

1. Етнички еднородно 2. Етнички мешано

(24) □ 19. На која националност и припаѓаат вашите соседи со кои се дружите?

1. На мојата 2. На мојата и на друга 3. На друга

□ 20. Дали би сакале да се иселите од вашата населба?

(25) □ 1. Не, бидејќи населбата е со развиена инфраструктура
2. Не, бидејќи населбата е еколошки чиста
3. Не, бидејќи живеам близу до работното место
4. Не, бидејќи ми одговара социјалниот состав на населението
5. Не, бидејќи тука сум навикнат
6. Не, бидејќи добро се согласувам со соседите
7. Не, бидејќи немам можност за преселба
8. Не, бидејќи ми одговара етничкиот состав на населението
9. Не, бидејќи ми одговара верскиот состав на населението

(26) □ 1. Да, бидејќи населбата нема развиена инфраструктура
2. Да, бидејќи населбата е загадена
3. Да, бидејќи населбата е далеку од моето работно место
4. Да, бидејќи станбеното прашање не ми е добро решено
5. Да, бидејќи не се согласувам со моите соседи
6. Да, бидејќи не ми одговара социјалниот состав на населението
7. Да, бидејќи не ми одговара етничкиот состав на населението
8. Да, бидејќи не ми одговара верскиот состав на населението
9 Да, ___________________________________________________

21. На која националност и припаѓаат тројца од вашите најдобри пријатели?

(27) □ 1.____________________

(28) □ 2. ____________________

(29) □ 3. ____________________

(30) □ 22. Во каква населба би сакале да живеете?

1. Во населба каде живеат само припадници на мојата етничка група
2. Во етнички мешана населба
3. Сеедно ми е

(31) □ 23. Дали сметате дека е подобро да се склопи брак со:

1. Жена/маж од иста вера
2. Маж/жена од друга вера
3. Жена/маж кои не веруваат
4. Немам определен став

(32) □ 24. Дали сметате дека е подобро да се склопи брак со:

1. Жена/маж од иста етничка припадност
2. Маж/жена од различна етничка припадност
3. Немам определен став

25. На која вероисповед припаѓаат вашите три најдобри пријатели?

(33) □ 1. ___________________

(34) □ 2. ___________________

(35) □ 3. ___________________

26. Овој Прашалник се однесува на испитувањето на карактеристичните особини на одделните народи. За секој народ кој го испитуваме имате по еден лист на кој се напишани разни особини без некој посебен ред. Вашата задача се состои во следново: 1. Прочитајте ги внимателно сите наведени особини (атрибути), а потоа внесете го бројот пред пет до десет особини за кои мислите дека се типични или карактеристични за тој народ. Типични особини за еден народ се оние особини кои ги имаат повеќето од луѓето (припадниците) на тој народ. 2. Ако сметате дека одделни народи имаат и некои други особнини, кои не се наведени на оваа листа, допишете ги на крајот на списокот.

| | МАК. | АЛБ. | ТУР. | РОМИ | СРБИ |
|---|---|---|---|---|---|
| (36) | | | | | |
| (37) | | | | | |
| (38) | | | | | |
| (39) | | | | | |
| (40) | | | | | |
| (41) | | | | | |
| (42) | | | | | |
| (43) | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

1. храбри
2. горди
3. подмолни
4. вредни
5. заостанати
6. добродушни
7. некултурни во однесувањето
8. груби
9. гостопримливи
10. кукавици
11. мирни (повлечени)
12. сложни
13. кавгаџии
14. весели
15. себични
16. напредни
17. бучни(вреваџии)
18. назадни
19. учтиви
20. мрзливи
21. самоуверени
22. дружељубиви
23. глупави(неинтелегентни)
24. нечисти
25. борбени
26. не сакаат други народи
27. несебични
28. агресивни
29. разумни
30. отворени
31. преосетливи
32. слободољубиви
33. негостоприм ливи
34. нагли (жестоки)
35. интелигентни
36. сакаат да владеат
37. нежни
38. мирољубиви
39. затворени
40. чисти
41. дрски
42. искрени
43. пијаници
44. снаодливи
45. вообразени
46. темпераментни
47. културни
48. практични
49. лакташи
50. фалбаџии
51. завидливи
52. митаџии
53. шверцери

# VI

27. На оваа листа се наведени некои етнички групи и тоа по азбучен ред. Одговорете така што наведените етнички групи ќе ги подредите од број 1 до 5. Пред името на националноста која ја чувствувате како најблиска, ставете го бројот 5, пред името на националноста која ви е блиска веднаш по првата ставете број 4, и така со ред до бројот 1.

(46)□ ________________ Албанци

(47) □ ________________ Македонци

(48) □ ________________ Роми

(59) □ ________________ Срби

(50) □ ________________ Турци

# VII

28. Во земјата живеат заедно припадници на разни националности и религии. Нас нѐ интересира кои, од наведените односи, вие би сакале да ги имате со обичниот, ни најдобар ни најлош, припадник на одделната националност и религија. Одговорете на секое прашање, и тоа на тој начин што ќе напишете X во графата под името на секоја националност и религија со чиј претставник би сакале да го имате наведениот однос, така што ќе останат празни оние графи на претставници со кои не би сакале да имате такви односи.

| | МАКЕДОНЕЦ | АЛБАНЕЦ | ТУРЧИН | РОМ | СРБИН |
|---|---|---|---|---|---|
| **(51)□ Да живее со мене во иста општина** | | | | | |
| **(52)□Да живее со мене во исто место** | | | | | |
| **(53)□Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца** | | | | | |
| **(54)□Да се дружам со него и да ми биде пријател** | | | | | |
| **(55)□Мојата сестра или роднина да се омажи за него** | | | | | |
| **(56)□Да биде градоначалник во општината во која живеам** | | | | | |
| **(57)□Да биде раководител во организацијата каде што работам** | | | | | |
| **(58)□Да ја претставува мојата општина во Собранието** | | | | | |

| | ПРАВОСЛ. | МУСЛИМАН | КАТОЛИК | ПРОТЕСТ | ДРУГА |
|---|---|---|---|---|---|
| **(59)□Да живее со мене во иста општина** | | | | | |
| **(60)□ Да живее со мене во исто место** | | | | | |
| **(61)□ Неговите деца да посетуваат исто училиште со моите деца** | | | | | |
| **(62)□ Да се дружам со него и да ми биде пријател** | | | | | |
| **(63)□ Мојата сестра или роднина да се омажи за него** | | | | | |
| **(64)□ Да биде градоначалник во општината во која живеам** | | | | | |
| **(65)□ Да биде раководител во организацијата каде што работам** | | | | | |
| **(66)□ Да ја претставува мојата општина во Собранието** | | | | | |

# VIII

29. Во овој Прашалник наведовме неколку различни мислења и тврдења за чувството за национална припадност или за чувството на национална врзаност за својата нација. Внимателно прочитајте го секое тврдење и одговорете дали се согласувате со него или не се согласувате. **Секој одговор кој го изразува степенот на вашето лично согласување или несогласување е добар.** На секое прашање одговорете така што ќе заокружите еден од предложените одговори кој најдобро го искажува вашето мислење: потполно се согласувам, се согласувам, не сум одлучен, не се согласувам, воопшто не се согласувам.

На пример, ако сосема се сложувате со едно тврдење, ако тоа во потполност го изразува вашето мислење, заокружете го одговорот потполно се согласувам. Ако некое тврдење изразува мислење сосема спротивно од вашето, заокружете го одговорот воопшто не се согласувам. Ако со некое тврдење не се сложувате, но не потполно, заокружете го одговорот не се согласувам. Ако со некое тврдење се сложувате но не во потполност, заокружетего го одговорот се согласувам. Конечно, доколку наидете на тврдење во кое се изнесува мислењето со кое не се сложувате ниту, пак, се сложувате, заокружете го одговорот: не сум одлучен...

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **(67) □1. Секоја нација треба да ги обновува и негува своите национални идеали** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(68) □ 2. Со напуштањето на секоја национална врзаност, а со прифаќањето на целиот свет како своја татковина ќе создадеме услови кои се неопходни за наше одржување и напредување.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(69) □ 3. Сите припадници на мојата нација би требало, секогаш и во секој поглед, повеќе да ја ценат сопствената нација од другите нации.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(70) □ 4. Јас, во иста мерка, се чувствувам припадник на својата нација и на општочовечката заедница.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(71) □ 5. Ни една важна особина на човекот како единка не произлегува од неговата национална припадност.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(72) □ 6. Совеста за ирпадност на некоја одредена нација, во човекот буди гордост и го облагородува неговиот дух.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(73) □7. Човештвото претставува единствена вистинска човечка заедница, затоа секоја поделба на нации или е штетна или е бесмислена.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(74) □ 8. Сметам дека припадниците на мојата нација, кои ја издигнуваат својата нација над другите нации, не прават ништо лошо, бидејки се покажува колку го сакаат својот народ.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(75) □ 9. Луѓето се разликуваат меѓу себе затоа што припаѓаат на различни нации, но тоа не мора да претставува пречка во меѓусебното почитување и рамноправност** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(76) □10. Не би можел да речам дека и едно мое чувство би можело да се нарече чувство на национална припадност.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

30.

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Вопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **(77) □1. Целосна слобода на говорот води до општествена дезинтеграција.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(78) □ 2. Судството мора секогаш да е во служба на оние со политичка моќ.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(79) □ 3. Еднопартискиот систем повеќе придонесува за единство на народот.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(80) □ 4. Општествениот прогрес секогаш ќе се заснова врз приватната сопственост.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(81) □ 5. Само повеќепартискиот систем гарантира слобода на изразувањето.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(82) □ 6. Социјализмот му овозможил поголема сигурност на просечниот човек** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(83) □ 7. Повеќето луѓе се чувствуваа посреќни за време на поранешниот систем.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(84) □ 8. Демократијата е добра во теоријата, но во практиката придонесува за премногу проблеми.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

31.

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **(85) □1. Секоја нација мора да има своја сопствена држава.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(86) □ 2. Етнички мешаните бракови се предодредени на неуспех.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(87) □ 3. Некој може да се чувствува безбеден во околината само кога мнозинството од тие што му се во близина припаѓаат на иста националност.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(88) □ 4. Можно е да се постигне соработка помеѓу националностите но не и целосна доверба.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(89) □ 5. Секој треба да чувствува дека судбината на неговата нација е негова сопствена судбина** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(90) □ 6. Јас чувствувам ист степен на припаѓање и кон мојата националност и кон човештвото.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **(91) □ 7. Чувството за национална припадност е едно од најубавите чувства.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(92) □ 8. Бесчувствително е да се каже дека сите националности се еднакви, кога очигледно е дека некои се повеќе вредни.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(93) □ 9. Оние кои припаѓаат на мојата нација би требало секогаш повеќе да ја ценат својата сопствена нација.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

32.

| | Потполно се согласувам | Се согласувам | Не сум одлучен | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| **(94) □1. Најважна работа што децата треба да ја научат е почитта кон родителите.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(95) □2. Родителите треба да го имаат главниот збор при изборот на брачниот партнер на децата.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(96) □ 3. Без водич, секој народ е како човек без глава.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(97) □ 4. Постојат два основни типа на луѓе на светот, слаби и силни.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(98) □ 5. Секој треба секогаш да ги слуша претпоставените без оглед дали се во право.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(99) □ 6. Денес поважно од законите и програмите се бестрашните и неуморните водачи.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(100) □ 7. Некој ја губи почитта кон луѓето со кои станува близок.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **(101) □ 8. Луѓето не знаат колку многу нивните животи се контролирани тајно од оние кои се на власт.** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

33. Во ова прашање се подредени една по друга групите на кои им припаѓате. Одговорете со заокружување на една од можностите (многу, просечно, малку, воопшто не) колку припадноста во секоја од овие групи вам ви е значајна.

| | Многу | Просечно | Малку | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|
| **(102) □ Градот – селото** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(103)□ Регионот** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(104)□ Етничката припадност** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(105)□ Вероисповедта** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(106)□ Занимањето** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(107)□ Државата** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(108)□ Балкан** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(109)□ Европа** | 1 | 2 | 3 | 4 |
| **(110)□Свет, човештвото** | 1 | 2 | 3 | 4 |

# IX

34. Дали сметате дека постои расчекор помеѓу традицијата и современиот начин на животот?

(111)□ 1. Да 2. Не 3 Делумно

35. Дали се идентификувате со културата на вашата националност?

(112)□ 1. Да 2. Не 3. Делумно

36. Дали сметате дека вашата култура е потискувана од некоја друга култура?

| | Не | Да | Делумно |
|---|---|---|---|
| **(113) □1. Македонската култура** | | | |
| **(114) □ 2. Албанската култура** | | | |
| **(115)□ 3. Турската култура** | | | |
| **(116)□ 4. Ромската култура** | | | |
| **(117)□ 5. Српската култура** | | | |
| **(118)□ 6.Бугарската култура** | | | |
| **(119)□ 7. Грчката култура** | | | |
| **(120)□ 8. Западно-европската култура** | | | |
| **(121)□ 9. Американската култура** | | | |
| **(122)□ 10. Православната култура** | | | |
| **(123)□11. Исламската култура** | | | |
| **(124) □12. Католичката култура** | | | |
| **(125) □13. Протестантските култури** | | | |

37. Според ваша процена, која култура е најагресивна во однос на другите присутни во нашата средина?

(126)□ 1. Македонска 2. Албанска. 3. Турска

4. Ромска 5. Српска

38. Дали и колку сте вклучен во работата на некоја политичка партија?

(127)□ 1. Активен член 2. Симпатизер 3. Не сум член 4. Не ме интересира

**Следните прашања се однесуваат на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза**



39. Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку е честа секоја од наведените форми на дискриминација во земјата?

Дискриминација врз основа на...

1. Не постои 2. Многу ретка 3. Прилично ретка 4. Прилично честа 5. Многу честа 6. Не знам

| | | |
|---|---|---|
| **(128)** | **Етничка припадност** | |
| **(129)** | **Пол** | |
| **(130)** | **Сексуална ориентација (на пример, хомосексуалност)** | |
| **(131)** | **Возраст** | |
| **(132)** | **Религија или уверување** | |
| **(133)** | **Попреченост (ментална и телесна попреченост)** | |
| **(134)** | **Политичка припадност** | |

(135) 40. Општо земено, дали би можеле да кажете дека во земјата се вложуват напори за борба против сите облици на дискриминација?

1. Целосно се вложуваат 2. Доволно се вложуваат 3. Недоволно се вложуваат напори

4. Воопшто не се вложуваат напори 5. Не знам

(136) 41. Дали некогаш сте биле предмет на говор на омраза?

1. Да 2. Не 3. Не знам

42. Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку е честа секоја од наведените форми на говор на омраза во земјата?

Говор на омраза врз основа на...

1. Не постои 2. Многу ретка 3. Прилично ретка 4. Прилично честа 5. Многу честа 6. Не знам

(1) (2) (3) (4) (5) (6)

| | | |
|---|---|---|
| **(137)** | **Етничка припадност** | |
| **(138)** | **Пол** | |
| **(130)** | **Сексуална ориентација(на пример, хомосексуалност)** | |
| **(140)** | **Возраст** | |
| **(141)** | **Религија или уверување** | |
| **(142)** | **Попреченост (ментална и телесна попреченост)** | |
| **(143)** | **Политичка припадност** | |

(144) 43. Дали сте биле предмет или сте запознаени за некој случај на криминал од омраза?

1. Да 2. Не 3. Не знам

44. Би можеле ли да ми кажете што мислите, колку е честа секоја од наведените форми на криминал од омраза во земјата?

Криминал од омраза врз основа на...

1. Не постои 2. Многу ретка 3. Прилично ретка 4. Прилично честа 5. Многу честа 6. Не знам

(1) (2) (3) (4) (5) (6)

| | | |
|---|---|---|
| **(145)** | **Етничка припадност** | |
| **(146)** | **Пол** | |
| **(147)** | **Сексуална ориентација(на пример, хомосексуалност)** | |
| **(148)** | **Возраст** | |
| **(149)** | **Религија или уверување** | |
| **(150)** | **Попреченост (ментална и телесна попреченост)** | |
| **(151)** | **Политичка припадност** | |

## ПРИЛОГ 3 – Примерок

Примерокот опфати 519 испитаници. Популациската рамка на примерокот беа млади, односно средношколци и студенти, население постаро од 16 години а не повеќе од 24 години, а критериуми за репрезентативност беа: полот, возраста, етничката припадност, местото на живеење, религијата и регионите.

| **Пол** | **%** |
|---|---|
| Маж | 41 % |
| Жена | 59 % |

| **Возраст** | **%** |
|---|---|
| 15-18 години | 46,8 % |
| 19-21 години | 49,1 % |
| 22-24 години | 3,3 % |

| **Етничка припадност** | **%** |
|---|---|
| Македонец/ка | 65,9 % |
| Албанец/ка | 30,1 % |
| Турчин/ка | 1,3 % |
| Ром/ка | 1,2 % |
| Влав/Влаинка | 1 % |
| Друго | 0,6 % |

| **Место на живеење** | **%** |
|---|---|
| Рурално (село) | 38,7 % |
| Урбано (град) | 59 % |
| Нема податок | 2,3 % |

| **Вероисповед** | **%** |
|---|---|
| Православна | 62,2% |
| Исламска | 33,1 % |
| Католичка | 0,4 % |
| Протестантска | 0,2 % |
| Атеист | 2,5 % |
| Друго | 1 % |
| Нема податок | 0,6 % |

| Универзитет/средно училиште | % |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип | 22,5 % |
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ -Скопје | 12,3 % |
| Државен универзитет во Тетово | 24,1 % |
| Средни училишта во источниот дел на земјата (Штип, Виница и Струмица) | 13,7 % |
| Средни училишта во Скопје | 16 % |
| Средни училишта во западниот дел на земјата (Тетово, Гостивар) | 10,8 % |
| Нема податок | 0,6 % |

## БИБЛИОГРАФИЈА


Бешка-Петроска, В., Најческа, М. (2009). Барометар на еднакви можности. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). [интернет] Адреса: <http://www.mcms.mk/images/docs/2009/barometar-za-ednakvi-moznosti-mcms-2009.pdf> [Посетена на: 30 јули 2016 година].

Михајлова, Е., Бачовска, Ј., Шеќерџиев, Т. (2013). Слобода на изразување и говор на омраза. Скопје: Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Мисија на ОБСЕ во Скопје. [интернет] Адреса: <http://www.osce.org/mk/skopje/116610?download=true> [Посетена на: 30 јули 2016 година].

ОБСЕ/ОДИХР. (2014). Разбирање на криминалот од омраза, ревидирано издание. Варшава: ОБСЕ/ОДИХР и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Поповиќ, М., Михаиловска, Ј. (2013). Барометар за еднакви можности – 2013. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС). [интернет] Адреса: <http://www.mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/1542 barometar-za-ednakvi-mozhnosti.html> [Посетена на: 30 јули 2016 година].

Ременски, Ф. (2004). Албанците и Македонците: Етничката интеракција во земјата, пред и после конфликтот од 2001 година. Скопје: Институт за социологија, Филозофски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

Стојановски, В., Богоевски, П., Барлаковска С. (2016). Годишен извештај за криминалот од омраза во 2015 година. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права на земјата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. [интернет] Адреса: <http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/1617/ZLOSTORSTVA_OD_OMRAZA_2015_MK.pdf> [Посетена на: 1 август 2016 година].

Ташева, М. (1997). Етничките групи во земјата (современи состојби). Скопје: Филозофски факултет - Скопје.